# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
**на Македонска берза АД Скопје за 2010 година**

**Скопје, Февруари 2011 година**

# 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје во 2010 година ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) кои што влијаеле на работењето на Берзата во 2010 година, основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, преземените активности за промоција на Берзата и едукација на пошироката јавност, нормативните активности, меѓународна соработка, инвестиционите активности, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2010 година.

# 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2010 година работењето на Македонската берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори и околности од меѓународен и локален аспект, кои го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза, односно имаа свое влијание врз тргувањето со хартии од вредност на Берзата, а со тоа и врз деловното работење на Берзата како акционерско друштво:

- Светската економија во 2010 година постепено се стабилизираше и закрепнуваше од последиците од светската економска криза во 2008 и 2009 година, постигнувајќи стапки на пораст од 5,25% во првата половина од 2010 година со што би се оствариле прогнозите за пораст на светската економија од 4,8% во 2010 година. Особено значаен пораст забалежаа азиските економии од 9,5%, кои на финансиските пазари побудија интерес кај инвеститорите, и Германија од 3,3% чиј што раст е генератор на порастот и на останатите економии од еврозоната.[1] Сепак должничката криза на дел од земјите од еврозоната предизвика пад на вредноста на еврото и воздржаност и песимизам на инвеститорите од вложување во еврозоната чекајќи го исходот од мерките за стабилизација и подршка на најзадолжените земји од еврозоната;

- Во текот на 2010 година македонската економија функционираше во состојба на постепено закрепнување од последиците од светската економска криза, имајки ги предвид одложените ефекти од закрепнувањето на развиените економии како главни партнери на македонските компании, со проектиран пораст на бруто домашниот производ од 2%;

- Со постепеното надминување на економската криза и стабилизацијата на банкарскиот и финансискиот сектор во САД и дел од земјите од ЕУ, НБРМ спроведе мерки за постепено релаксирање на монетарна политика што предизвикаа намалување на каматните стапки на благајничките записи, како и намалување на ограничувањата на паричните средства на банките расположливи за кредитирање на стопанството и населениото. Во вакви услови банките ги намалија активните и пасивните каматни стапки, државата ги намали каматните стапки на трезорските записи што резултираше со

[1] World Economic Outlook, IMF, October 2010

релативно нивелирање на приносите на инвестициски најсигурните вложувања со приносите на пазарот на капитал. Сепак, бавното опоравување на македонската економија и нестабилното гео-политички окружување во голема мерка влијаеше на воздржаноста на инвеститорите од вложување на берза и на ликвидноста на берзанското тргување;

- Позитивните влијанија од постепеното закрепнување на светската економија во 2010 година не се рефлектираа врз прометот на Берзата и општото ниво на цените на пазарот, односно и понатаму беше евидентно не многу значајно присуство на странски институционални инвеститори на Македонската Берза;

- Во 2010 година не се случија позначајни поместувања во однос на отворените прашања кои се поставуваат како услов за реализацијата на определбите на Република Македонија за членство во евроатлантските организации, што имаше импликации врз очекувањата на инвеститорите на Берзата и на нивните деловни и инвестициони одлуки;

- Од друга страна, продолжи трендот на зголемена транспарентност во работењето на компаниите котирани на Берзата, како во делот на објавување на информации за финансиското работење, така и во делот на објавување на други ценовно чувствителни информации;

- Функционирање на приватните пензиски фондови и пазарната консолидација на инвестиционите фондови во Република Македонија;

- Поволен даночен амбинет;

- Ниска инфлација;

- Стабилен девизен курс;

- Функционална институционална пазарна инфраструктура;

- Дополнително усогласување на легислативата во земјата и на пазарниот амбиент во функција на процесите на европска интеграција.

# 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## *3.1. Основни карактеристики*

Основни карактеристики на тргувањето во 2010 година се:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2010 година изнесуваше 5.842.963.073 денари (околу 94,98 милиони евра), што е за 13,21 % помалку во споредба со 2009 година;
- Остварениот промет на "класичното" тргување во 2010 година изнесуваше 3.269.539.610 денари[2] (околу 53,15 милиони евра), што е за 20,23% помалку во споредба со 2009 година;
- Прометот остварен со акции (Официјален и Редовен пазар) во 2010 година изнесуваше 2.017.360.721 денари (околу 32,79 милиони евра), што е за 27,81% помалку во споредба со 2009 година;
- Во 2010 година е остварен промет со обврзници од 1.252.178.889 денари (околу 20,36 милиони евра), што е за 4,00% помалку во споредба со 2009 година;
- Во 2010 година реализирани се продажби на акции и удели по пат на јавни берзански аукции во вкупна вредност од 40.772.697 денари (околу 663 илјади евра), што е за 70,40 % повеќе во споредба со 2009 година;
- Во 2010 година на Берзата се пријавени 28 блок трансакции во вкупна вредност од 2.532.650.767 денари (околу 41,17 милиони евра), што е за 2,94% помалку во споредба со 2009 година.
- Во структурата на прометот доминираат трансакциите склучени на Официјалниот пазар со 46,39% учество во вкупниот промет на Берзата во 2010 година;
- На крајот на 2010 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на 34 друштва;
- Пазарната капитализација на котираните акции достигна 30,44 милијарди денари (околу 494,93 милиони евра) и бележи опаѓање од 21,71%, додека пазарната капитализација на обврзниците достигна 12,51 милијарди денари (203,41 милиони евра) што претставува опаѓање за 15,93% во споредба со 2009 година.

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2010 и 2009 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за периодот Јануари-Декември 2010 година и Јануари-Декември 2009 година, како и структурата на прометот остварен во 2010 година.

[2]При пресметување на "класичното тргување" на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и пријавените блок трансакции.

| | Јануари-Декември 2009 | Јануари-Декември 2010 | % ПРОМЕНА |
|---|---|---|---|
| **ПРОМЕТ (денари)** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **4.098.905.714** | **3.269.539.610** | **▼20,23** |
| АКЦИИ | 2.794.489.319 | 2.017.360.721 | ▼27,81 |
| ОБВРЗНИЦИ | 1.304.416.395 | 1.252.178.889 | ▼4,00 |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари)*** | 16.798.794 | 13.237.002 | ▼21,20 |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ*** | 141 | 104 | ▼26,16 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **2.609.499.924** | **2.532.650.767** | **▼2,94** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **23.927.852** | **40.772.697** | **▲70,40** |
| **ВКУПНО** | **6.732.333.490** | **5.842.963.073** | **▼13,21** |
| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **34.396** | **25.697** | **▼25,29** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **28** | **28** | **-** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **13** | **16** | **▲23,08** |
| **ВКУПНО** | **34.437** | **25.741** | **▼25,25** |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА ( денари)** | | | |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **122.080.076.689** | **122.577.939.865** | **▲0,41** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 38.885.764.303 | 30.442.607.676 | ▼21,71 |
| ПАЗАР НА АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ | 83.194.312.386 | 92.135.332.189 | ▲10,75 |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **14.883.330.348** | **12.511.677.891** | **▼15,93** |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **136.963.407.038** | **135.089.617.756** | **▼1,37** |
| **МБИ-10** | **2.751,88** | **2.278,92** | **▼17,19** |
| **МБИД** | **3.035,98** | **2.458,58** | **▼19,02** |
| **ОМБ** | **110,06** | **116,13** | **▲5,52** |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **36** | **34** | **▼5,56** |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **244** | **247** | **▲1,23** |

**Структура на прометот во периодот Јануари- Декември 2010 год.**

| Пазарен сегмент | Промет во денари | Промет во ЕВРА | % | Број на транс. |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | 2.710.766.059 | 44.060.951 | 46,39 | 19.164 |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | 558.773.551 | 9.084.416 | 9,56 | 6.533 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | 2.532.650.767 | 41.173.428 | 43,35 | 28 |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | 40.772.697 | 662.603 | 0,70 | 16 |
| **ВКУПНО** | **5.842.963.073** | **94.981.398** | **100,00** | **25.741** |




## *3.2. Анализа на остварениот промет од класичното тргување по месеци*

Во текот на 2010 година на Берзата е остварен промет од "класичното" тргување во износ од 3.269.539.610 денари (околу 53,15 милиони евра).
За подобро согледување на остварените резултати од "класичното" тргување на Берзата во 2010 година, во продолжение презентираме графички и табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2010 година.

**Промет од "класичното" тргување по месеци во 2010 година**



| Месец | Официјален пазар | | Редовен пазар | | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на трансакции | Бр. на ден. на трг. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Акции** | **Обврзници** | **Акции** | **Обврзници** | | | | |
| Јануари | 93.047.176 | 68.007.635 | 43.527.121 | 0 | **204.581.932** | **3.344.658** | **1.751** | **17** |
| Февруари | 128.689.750 | 50.991.190 | 61.867.251 | 0 | **241.548.191** | **3.932.208** | **2.707** | **20** |
| Март | 126.889.660 | 48.971.475 | 59.315.115 | 0 | **235.176.250** | **3.818.026** | **2.424** | **22** |
| **Вкуп. I квартал** | **348.626.586** | **167.970.300** | **164.709.487** | **0** | **681.306.373** | **11.094.892** | **6.882** | **59** |
| Април | 175.184.007 | 102.225.266 | 51.323.134 | 0 | **328.732.407** | **5.336.683** | **2.441** | **21** |
| Мај | 125.287.974 | 128.134.075 | 39.298.188 | 0 | **292.720.237** | **4.757.065** | **2.406** | **19** |
| Јуни | 109.762.654 | 85.491.572 | 45.627.382 | 0 | **240.881.608** | **3.916.203** | **2.456** | **22** |
| **Вкуп. II квартал** | **410.234.635** | **315.850.913** | **136.248.704** | **0** | **862.334.252** | **14.009.951** | **7.303** | **62** |
| Јули | 66.038.997 | 82.125.241 | 33.398.072 | 0 | **181.562.310** | **2.951.463** | **1.632** | **22** |
| Август | 77.749.435 | 60.844.317 | 18.863.319 | 0 | **157.457.071** | **2.559.896** | **1.651** | **21** |
| Септември | 154.169.565 | 67.873.997 | 44.157.346 | 0 | **266.200.908** | **4.319.309** | **1.970** | **20** |
| **Вкуп. III квартал** | **297.957.997** | **210.843.555** | **96.418.737** | **0** | **605.220.289** | **9.830.668** | **5.253** | **63** |
| Октомври | 161.617.839 | 55.203.031 | 27.134.875 | 0 | **243.955.745** | **3.959.263** | **2.075** | **20** |
| Ноември | 142.009.008 | 142.847.413 | 36.823.374 | 18.451.140 | **340.130.935** | **5.526.239** | **2.327** | **22** |
| Декември | 116.592.245 | 341.012.537 | 78.987.234 | 0 | **536.592.016** | **8.724.353** | **1.857** | **21** |
| **Вкуп. IV квартал** | **420.219.092** | **539.062.981** | **142.945.483** | **18.451.140** | **1.120.678.696** | **18.209.855** | **6.259** | **63** |
| **ВКУПНО** | **1.477.038.310** | **1.233.727.749** | **540.322.411** | **18.451.140** | **3.269.539.610** | **53.145.366** | **25.697** | **247** |

## *3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти*

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2010 година (2.711 милиони денари) е остварен преку 19.164 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 82,91%. Од тоа, 1.477 милиони денари отпаѓаат на тргувањето со акции (54,49%) при што се склучени 15.324 трансакции, додека прометот со обврзници изнесува 1.234 милиони денари (45,51%) и истиот е остварен преку 3.840 трансакции.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (559 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2010 година со 17,09% и 6.533 трансакции. Од тоа, 456 милиони денари отпаѓаат на тргувањето остварено на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување (84,40%) и овој промет е остварен преку 6.153 трансакции, додека на Слободниот пазар се остварени 84 милиони денари (15,60%) преку 379 трансакции. Прометот со обврзници изнесува 18 милиони денари (3,30%) и истиот е остварен преку 1 трансакција.

За подобро согледување на структурата на прометот во 2010 година, во продолжение презентираме табеларен и графички приказ на тргувањето по пазарни сегменти.

**СТРУКТУРА НА КЛАСИЧНИОТ ПРОМЕТ ВО 2010 ГОДИНА**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **1.477.038.310** | **24.005.163** | **54,49** | **15.324** |
| обични | 1.476.237.610 | 23.992.161 | 99,95 | 15.314 |
| приоритетни | 800.700 | 13.002 | 0,05 | 10 |
| ***Обврзници*** | **1.233.727.749** | **20.055.788** | **45,51** | **3.840** |
| **ВКУПНО ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **2.710.766.059** | **44.060.951** | **82,91** | **19.164** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***АКЦИИ*** | **540.322.411** | **8.784.415** | **96,70** | **6.532** |
| ***Пазар на јавно поседувани друштва*** | **456.056.648** | **7.414.530** | **84,40** | **6.153** |
| обични | 453.984.365 | 7.380.857 | 99,55 | 6.056 |
| приоритетни | 2.072.283 | 33.673 | 0,45 | 97 |
| ***Слободен пазар*** | **84.265.763** | **1.369.885** | **15,60** | **379** |
| обични | 84.265.763 | 1.369.885 | 100,00 | 379 |
| ***ОБВРЗНИЦИ*** | **18.451.140** | **300.000** | **3,30** | **1** |
| **ВКУПНО РЕДОВЕН ПАЗАР** | **558.773.551** | **9.084.416** | **17,09** | **6.533** |
| **ВКУПНО СИТЕ ПАЗАРИ** | **3.269.539.610** | **53.145.367** | **100,00** | **25.697** |







## *3.4. Блок трансакции*

Во текот на 2010 година на Берзата беа пријавени 28 блок трансакции во вкупна вредност од 2.532.650.766 денари (околу 41 милион ЕВРА), при што беа истргувани вкупно 4.111.435 акции. Најголемо учество во прометот со блок трансакции имаше продажбата на 3.771.720 акции на Стопанска Банка АД Скопје, во вредност од 2.161.459.580 денари, реализиран преку 2 блок трансакции.

На Официјалниот пазар на Берзата се реализирани 12 блок трансакции во вкупна вредност од 197,31 милиони денари (3,20 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар се реализирани 16 блок трансакции во вкупна вредност од 2,33 милијарди денари (37,97 милиони ЕВРА). Во продолжение го презентираме прегледот на пријавените блок трансакции по месеци во 2010 година.

| Месец | ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР | | | РЕДОВЕН ПАЗАР | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. |
| Јануари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Февруари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Март | 22.290.650 | 361.754 | 3 | 3.045.509 | 49.424 | 1 | 25.336.159 | 411.178 | 4 |
| Април | 0 | 0 | 0 | 56.160.800 | 912.060 | 1 | 56.160.800 | 912.060 | 1 |
| Мај | 150.161.880 | 2.438.635 | 4 | 36.885.902 | 599.014 | 2 | 187.047.782 | 3.037.649 | 6 |
| Јуни | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Јули | 6.565.480 | 106.745 | 2 | 28.800.213 | 467.933 | 3 | 35.365.693 | 574.678 | 5 |
| Август | 0 | 0 | 0 | 2.161.459.580 | 35.144.256 | 2 | 2.161.459.580 | 35.144.256 | 2 |
| Септември | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Октомври | 14.764.530 | 239.731 | 2 | 0 | 0 | 0 | 14.764.530 | 239.731 | 2 |
| Ноември | 0 | 0 | 0 | 9.058.000 | 147.280 | 1 | 9.058.000 | 147.280 | 1 |
| Декември | 3.525.000 | 57.316 | 1 | 39.933.222 | 649.283 | 6 | 43.458.222 | 706.599 | 7 |
| **ВКУПНО** | **197.307.540** | **3.204.181** | **12** | **2.335.343.226** | **37.969.250** | **16** | **2.532.650.766** | **41.173.431** | **28** |

## *3.5. Јавни берзански аукции*

Во текот на 2010 година на Берзата се одржаа вкупно 4 јавни берзански аукции на кои што се продаваа акции и удели во сопственост на Фондот на ПИОМ.
На одржаните јавни берзански аукции во 2010 година беа склучени вкупно 16 трансакции и беше остварен промет од 23.927.852,44 денари. При тоа:

- Преку 2 трансакции беа истргувани обични акции на 2 акционерски друштва при што беше остварен промет од 2.392.386,00 денари;
- Преку 11 трансакции беа истргувани приоритетни акции на 11 акционерски друштва при што беше остварен промет од 34.839.323,00 денари;
- Преку 3 трансакции беа истргувани уделите во 3 друштва и остварен промет 3.540.988,00 денари.

## *3.6 Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет*

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, доаѓаме до следните податоци:

Од вкупниот промет остварен на Берзата во 2010 година, 879.843.223 Денари (14.338.820 Евра) припаѓаат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори, додека 1.027.236.841 Денари (16.744.373 Евра) остварени се преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (вкупниот промет е без блок трансакциите склучени со акциите на Стопанска банка АД Скопје од Август 2010 година).

Во продолжение е презентирана табела за учеството на домашните и странските инвеститори во вкупниот промет по месеци во 2010 година:

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Купување странски физички | 7,29% | 14,43% | 12,12% | 6,00% | 4,23% | 6,94% | 5,23% | 8,73% | 5,91% | 7,32% | 6,42% | 2,94% | 6,59% |
| Купување странски правни | 4,56% | 4,99% | 16,20% | 23,60% | 37,33% | 7,96% | 14,85% | 2,29% | 19,85% | 35,37% | 13,34% | 9,09% | 17,23% |
| **ВКУПНО** | **11,85%** | **19,42%** | **28,32%** | **29,60%** | **41,56%** | **14,90%** | **20,08%** | **11,02%** | **25,76%** | **42,69%** | **19,76%** | **12,03%** | **23,82%** |
| Купување домашни физички | 47,06% | 54,41% | 42,84% | 26,23% | 27,53% | 46,65% | 38,95% | 47,94% | 32,07% | 30,61% | 32,44% | 13,79% | 32,91% |
| Купување домашни правни | 41,09% | 26,17% | 28,84% | 44,17% | 30,92% | 38,45% | 40,97% | 41,04% | 42,17% | 26,70% | 47,80% | 74,18% | 43,27% |
| **ВКУПНО** | **88,15%** | **80,58%** | **71,68%** | **70,40%** | **58,44%** | **85,10%** | **79,92%** | **88,98%** | **74,24%** | **57,31%** | **80,24%** | **87,97%** | **76,18%** |
| Продажба странски физички | 4,89% | 14,11% | 14,30% | 5,83% | 4,34% | 10,71% | 6,80% | 13,63% | 9,24% | 8,50% | 6,38% | 3,07% | 7,48% |
| Продажба странски правни | 17,49% | 20,98% | 8,62% | 15,52% | 24,63% | 5,47% | 12,60% | 6,85% | 30,62% | 48,73% | 17,22% | 23,96% | 20,41% |
| **ВКУПНО** | **22,38%** | **35,09%** | **22,92%** | **21,35%** | **28,97%** | **16,18%** | **19,40%** | **20,48%** | **39,86%** | **57,23%** | **23,60%** | **27,03%** | **27,89%** |
| Продажба домашни физички | 43,50% | 48,80% | 52,06% | 57,41% | 53,42% | 67,74% | 54,11% | 63,45% | 45,07% | 35,78% | 34,30% | 20,45% | 45,05% |
| Продажба домашни правни | 34,12% | 16,11% | 25,02% | 21,24% | 17,61% | 16,08% | 26,49% | 16,07% | 15,07% | 6,99% | 42,10% | 52,72% | 27,06% |
| **ВКУПНО** | **77,62%** | **64,91%** | **77,08%** | **78,65%** | **71,03%** | **83,82%** | **80,60%** | **79,52%** | **60,14%** | **42,77%** | **76,40%** | **73,17%** | **72,11%** |

## *3.7. Индекси на Македонска Берза*

Македонска Берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните три индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10; Индекс на Јавно поседувани друштва МБИД и Индекс на обврзници – ОМБ.

### *3.7.1. Македонски Берзански Индекс – МБИ10*

- вредност на МБИ10 на последниот ден на тргување во 2010 година **(30.12.2010)** = **2.278,92** индексни поени, што значи опаѓање од **17,19%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2009 година (**30.12.2009** година = **2.751,88** индексни поени),
- највисока вредност на МБИ10 во 2010 година е постигната на **04.02.2010** година (**2.978,26** индексни поени),
- најниска вредност на индексот во 2010 година е постигната на **30.09.2010** година (**2.084,04** индексни поени).



На 15.06.2010 и 15.12.2010 година Комисијата за берзански индекс изврши редовна ревизија на индексот МБИ10.

Согласно Методологијата за пресметување на индексот МБИ10, Комисијата за берзански индекс определи дека елементи на индексот МБИ10 ќе бидат обичните акции издадени од: Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макстил АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Макпетрол АД Скопје, Топлификација АД Скопје, Бетон АД Скопје, Реплек АД Скопје и ЗК Пелагонија АД Битола.
Датум на имплементација на извршената ревизија е 30.12.2010 година.

### *3.7.2. Индекс на Јавно поседувани друштва МБИД*

- вредност на МБИД на последниот ден на тргување во 2010 година (**30.12.2010**) = **2.458,58** индексни поени, што значи опаѓање од **19,02%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2009 година (**30.12.2009** година = **3.035,98** индексни поени),
- највисока вредност на МБИД во 2010 година е постигната на **19.02.2010** година (**3.317,08** индексни поени),
- најниска вредност на индексот МБИД во 2010 година е постигната на **29.10.2010** година (**2.359,55** индексни поени).




На 16.03.2010 година, 15.06.2010 година, 15.09.2010 година и 15.12.2010 година Комисијата за берзански индекс изврши редовни ревизии на МБИД.

Согласно Методологијата за пресметување на индексот МБИД, Комисијата за берзански индекс на последната ревизија на 15.12.2010 година определи дека елементи на индексот МБИД се обичните акции издадени од: Тутунска банка АД Скопје, Македонски телеком АД Скопје, Фабрика за цевки 11 Октомври АД Куманово, Стопанска банка АД Скопје, Арцелормиттал Скопје (ХРМ) АД Скопје, Арцелормиттал Скопје (ЦРМ) АД Скопје, Прилепска пиварница АД Прилеп, ОКТА АД Скопје, Кјуби АД Скопје и Раде Кончар АД Скопје.

*3.7.3. Индекс на обврзници - ОМБ*

- вредност на ОМБ на последниот ден на тргување во 2010 година (**30.12.2010**) = **116,13** индексни поени, што значи зголемување од **5,52%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2009 година (**30.12.2009** година = **110,06** индексни поени),
- највисока вредност на ОМБ **во 2010** е постигната на **24.12.2010** година (**116,48** индексни поени),
- најниска вредност на индексот ОМБ **во 2010** е постигната на **13.07.2010** година (**106,18** индексни поени).




На 15.01.2010 година, 15.04.2010 година, 15.07.2010 година, 15.10.2010 и 15.12.2010 година Комисијата за берзански индекс изврши редовни ревизии на ОМБ. На 10.05.2010 година Комисијата за берзански индекс изврши вонредна ревизија на ОМБ со која, Обврзниците за денационализација-Деветта емисија (РМДЕН09) беа вградени како елемент на индексот, имајќи ја предвид нивната голема ликвидност од денот на котацијата, а со цел ОМБ соодветно да го прикажува движењето на цените на обврзниците котирани на Официјалниот пазар на Македонска берза.

Согласно Методологијата за пресметување на индексот ОМБ, Комисијата за берзански индекс на последната ревизија на 15.12.2010 година определи дека елементи на индексот ОМБ се обврзниците за денационализација од следните емисии: Прва емисија (РМДЕН01), Втора емисија (РМДЕН02), Трета емисија (РМДЕН03), Четврта емисија (РМДЕН04), Петта емисија (РМДЕН05), Шеста емисија (РМДЕН06), Седма емисија (РМДЕН07), Осма емисија (РМДЕН08) и Деветта емисија (РМДЕН09).

*3.7.4. Измени во методологиите за пресметка на индексите*

Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје на седницата одржана на 30.11.2010 година, донесе Заклучок за измена во Методологијата за пресметка на трите берзански индекси МБИ10, МБИД и ОМБ, при што се воведоа следните измени:

1. Датуми на редовна ревизија кај МБИ10, МБИД и ОМБ се 15.06 и 15.12.
2. Датуми на имплементација на извршената ревизија, односно датумите од кои ќе отпочне да се пресметува индексот по новиот состав се: 30.06 и 30.12.
3. При вонредна ревизија на индексите промените стапуваат на сила и се применуваат од наредниот трговски ден.

4. Првата наредна ревизија на берзанските индекси (МБИ10, МБИД и ОМБ) е 15.12.2010 година, при што ќе се земат податоци за последните шест месеци.

## *3.8. Структура на прометот по членки*

Остварениот берзански промет во 2010 година е реализиран преку активностите на 24 членки на Берзата.

Најголемо учество во вкупниот промет изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Стопанска банка АД Скопје со учество од 38,83%. На второ и трето место се Илирика Инвестментс АД Скопје и Комерцијална банка АД Скопје со учество од 14,03% и 12,11%.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2010 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со државните хартии од вредност каде е прикажана само куповната страна.

**Учество на членките на Берзата во реализираниот промет во 2010 година**

| Членка | Членка | Класично тргување | % Класично тргување | Блокови | % Блокови | Држава | % Држава | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стопанска банка АД Скопје | SB | 182.964.026 | 2,80 | 4.339.269.161 | 85,67 | 61.740 | 0,15 | 4.522.294.927 |
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | IL | 1.621.818.105 | 24,80 | 0 | 0,00 | 11.947.781 | 29,30 | 1.633.765.886 |
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | 1.073.123.250 | 16,41 | 336.602.664 | 6,65 | 0 | 0,00 | 1.409.725.914 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје | TN | 557.228.916 | 8,52 | 56.160.800 | 1,11 | 0 | 0,00 | 613.389.716 |
| Еурохаус АД Скопје | EH | 462.800.101 | 7,08 | 7.263.000 | 0,14 | 0 | 0,00 | 470.063.101 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | IN | 379.358.364 | 5,80 | 12.057.500 | 0,24 | 6.043.466 | 14,82 | 397.459.330 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | 274.338.645 | 4,20 | 95.669.605 | 1,89 | 2.152.110 | 5,28 | 372.160.360 |
| АУКТОР&ХИТА БРОКЕРИ АД СКОПЈЕ | AK | 189.079.321 | 2,89 | 77.282.760 | 1,53 | 0 | 0,00 | 266.362.081 |
| Пеон Брокер АД Скопје | PE | 252.353.414 | 3,86 | 6.150.000 | 0,12 | 0 | 0,00 | 258.503.414 |
| Мој Брокер АД Скопје | MO | 258.403.869 | 3,95 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 258.403.869 |
| ТТК Банка Скопје | TK | 225.146.174 | 3,44 | 0 | 0,00 | 9.884.700 | 24,24 | 235.030.874 |
| ЕУРОброкер АД Скопје | EU | 194.713.523 | 2,98 | 28.891.018 | 0,57 | 0 | 0,00 | 223.604.541 |
| Алта Виста брокер АД Скопје | AV | 150.478.754 | 2,30 | 56.160.800 | 1,11 | 9.225.000 | 22,63 | 215.864.554 |
| БИТОЛА БРОКЕР АД Битола | BB | 144.801.370 | 2,21 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 144.801.370 |
| Охридска Банка АД Охрид | OH | 93.889.350 | 1,44 | 33.531.226 | 0,66 | 0 | 0,00 | 127.420.576 |
| Нови триглав АД Скопје | NT | 125.753.624 | 1,92 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 125.753.624 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | 99.815.997 | 1,53 | 7.263.000 | 0,14 | 0 | 0,00 | 107.078.997 |
| Бро-Дил АД Скопје | BD | 100.864.404 | 1,54 | 0 | 0,00 | 1.457.900 | 3,58 | 102.322.304 |
| Поштел Брокер АД Скопје | PT | 85.906.052 | 1,31 | 9.000.000 | 0,18 | 0 | 0,00 | 94.906.052 |
| Универзална Инвестициона Банка АД Скопје | BL | 34.369.934 | 0,53 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 34.369.934 |
| Централна кооперативна банка АД Скопје | SL | 18.084.578 | 0,28 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 18.084.578 |
| Идеја Плус Брокер АД Радовиш | IP | 6.975.824 | 0,11 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 6.975.824 |
| СТАТЕР БАНКА АД Куманово | ST | 4.736.103 | 0,07 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 4.736.103 |
| Делта Брокер АД Скопје | DL | 2.075.521 | 0,03 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2.075.521 |
| **Вкупно** | | **6.539.079.219** | **100,00** | **5.065.301.534** | **100,00** | **40.772.697** | **100,00** | **11.645.153.450** |

## *3.9. Нови Правила за тргување и нова софтверска верзија на системот за тргување на Македонска берза АД Скопје*

Почнувајки од 15.03.2010 година започнаа да се применуваат нови Правила за тргување на Македонската берза АД Скопје и новата софтверска верзија на системот за тргување со имплементиран FIX PROTOCOL.

Во рамките на определбите на Македонската берза за одржување на ефикасен секундарен пазар на хартии од вредност во Република Македонија, а поттикната од потребата за воведување на нови технологии во своето работење, Берзата во текот на 2009 година пристапи кон менување и подобрување на системот за тргување преку воведување на нова софтверска верзија, која содржи повеќе технолошки и функционални новини, што воедно подразбираше и потреба за менување на Правилата за тргување на Берзата.

Новата софтверска верзија на системот за тргување на Берзата содржи имплементиран FIX PROTOCOL, којшто претставува стандардизиран протокол за размена на пакети на информации кој се користи во се’ поголем број на финансиски институции и овозможува полесно поврзување со други финансиски информациони системи. Една од главните придобивки од имплементацијата на FIX PROTOCOL е што се отвараат нови канали за прием на налози од страна на инвеститорите, односно се заокружува приемот на електронски налози од страна на членките и нивното проследување до системот за тргување на Берзата.

Главните промени во новите Правилата за тргување кои се последица од воведувањето на новиот трговски софтвер, а кои значат новина во однос на начинот на работа на претходниот систем се следниве:

- новини во критериумите и динамиката на утрдување на режимот на тргување во кој ќе се тргуваат одредени хартии од вредност;
- воведување на можност за внесување на системски блок-налози со кои ќе се склучуваат системски блок трансакции, кои им овозможуваат на инвеститорите кои сакаат да купат или продадат поголема количина од одредена хартија од вредност активно да ја истакнат оваа своја намера во БЕСТ системот;
- нов метод на пресметка на последна цена според кој последната цена нема да претставува цена од последната трансакција во рамките на трговскиот ден, туку ќе претставува просечна пондерирана цена од реализираните трансакции во последните 30 минути пред затворање на пазарот;
- новини во однос на налозите за тргување кои што се во правец на подобрување на начинот на реализација на налозите од клиентите, при што се редефинира начинот на користење на одредени налози, се воведоа нови налози кои се соодветни за големите инвеститори и фондовите кои тргуваат со налози што гласат на поголеми количини и се укинаа некои налози кои во изминатиот период не беа применувани;
- согласно новините во однос на тргувањето режимот на фиксинг ќе се нарекува режим на аукциско тргување и за него ќе се применува ново времетраење и распоред на тргувањето. Воедно, во режимот на аукциско тргување по завршување на фазата во која се внесуваат налозите за тргување и по отворањето на пазарот во кое доаѓа до склучување на евентуални трансакции по одредена

аукциска цена, се воведува фаза на дополнително тргување, со што се дава можност за дополнително склучување на трансакции по веќе постигната аукциска цена по завршувањето на аукцијата.

Во текот на Февруари 2010 година беше организирана обука за сите членки на Берзата, при што беа презентирани сите новини и специфичности на новиот систем за тргување. Обуките беа организирани во три групи, при што присуствуваа сите брокери, вработени во членките. На обуките уште еднаш беа презентирани сите специфичности на новиот систем за тргување особено од аспект на направените измени во системот за тргување (типови на налози, системски блок трансакции и сл.). Воедно, беа дадени и детални инструкции за едноставна инсталација на новата верзија на станицата за тргување. Исто така, беше објавено известување до членките на Берзата со кое уште еднаш членките беа потсетени за некои специфичности на новиот систем за тргување како што се: латинична абецеда, третман на достасани налози, подесување на системските параметри, напуштање на концептот на МПК, обележување на системски блок налози, внес на групни сметки, барање за поништување на трансакции и друго. Беа изготвени и доставени до членките на Берзата новите упатства за користење на работните станици за тргување на БЕСТ Системот и на статистичката апликација Берза-НЕТ.

### *3.10. Други активности поврзани со тргувањето*

Во текот на 2010 година Берзата редовно ги спроведуваше потребните активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност и тоа: внес на нови хартии за тргување во трговскиот систем; времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба; распоредување на хартии од вреднсот по соодветни сегменти согласно известувањата од Комисијата за хартии од вреднсот за запишување и бришење на акционерски друштва од Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување на КХВ и слично.

Согласно анализите на пазарот кои беа спроведени заради воведување на новите Правила за тргување на Берзата, Одборот на директори на Берзата на својата седница одржана на 26.03.2010 година донесе нова „Одлука за времетраењето на тргувањето во режимот на континуирано тргување и во режимот на аукциско тргување, максималното времетраење на подфазата рандом во фазата пред тргување, како и временскиот распоред за отворањето на пазарот за индивидуални хартии од вредност“ со која, започнувајќи од 01.04.2010 година, се воведоа измени во времетраењето на тргувањето на групите на хартии од вредност кои се во режим на аукциско тргување, додека времетраењето на тргувањето на хартиите од вредност кои се во режим на континуирано тргување остана непроменето.

Согласно одлуката на Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје од седницата одржана на 22.04.2010 година за критериумите и начинот за времено отстранување и повторно воспоставување на ценовните ограничувања (статички лимити) при тргувањето со хартиите со вредност, почнувајќи од понеделник 26.04.2010 година, секој последен понеделник во месецот Берзата ги отстрануваше ценовните ограничувања (статички лимити) кај хартиите од вредност кои се тргуваат во режимот на аукциско тргување и со кои не се склучила ниту една трансакција во претходните 5 (пет) дена на тргување (не земајќи ги предвид администраторските и системските блок трансакции). Воедно, доследно се спроведуваше одлуката на Одборот на директори на Берзата дека

доколку со определена хартија од вредност за која биле отстранети ценовните ограничувања биде склучена трансакција/трансакции во вредност над 300.000 денари (не земајќи ги предвид администраторските и системските блок трансакции), следниот ден на тргување тргувањето со таа хартија од вредност продолжува со ценовни ограничувања (статички лимити), притоа земајќи ја како основа за ценовните ограничувања последната официјална дневна просечна цена.

# 4. КОТАЦИЈА

## *4.1. Пазарна капитализација*

На почетокот од 2010 година на официјалниот пазар на Берзата бројот на котирани друштва изнесуваше 36, со пазарна капитализација од 38,89 милијарди денари, како и 15 државни обврзници со пазарна капитализација од 14,88 милијарди денари.

На крајот од 2010 година бројот на котирани друштва на официјалниот пазар на Берзата изнесува 34, со пазарна капитализација од 30,4 милијарди денари, што претставува намалување на пазарната капитализација од 21,71%. На крајот од 2010 година бројот на котирани државни обврзници изнесува 14, со пазарна капитализација од 12,51 милијарди денари, што претставува намалување за 15,93%, при што треба да се имаат во предвид достасаните ануитети на обврзниците за денационализација.

## *4.2. Нови котации*

Во текот на 2010 година беше котирана Деветтата емисија на обврзници за денационализација издадени од Република Македонија, со прв датум на тргување 26.04.2010 година.

## *4.3. Исклучувања од котација*

### *4.3.1. Исклучување од котација на акции од Официјалниот Пазар*

Димко Митрев АД Велес, на седницата на Собранието на акционери одржана на 18.05.2010 година, донесе Одлука за исклучување од котација на Официјалниот пазар на Берзата на акциите издадени од друштвото согласно член 80 од Законот за хартии од вредност и на 02.06.2010 достави барање до Берзата за исклучување од котација на акциите издадени од Димко Митрев АД Велес. Одборот на директори донесе Одлука за исклучување од котација на акциите издадени од Димко Митрев АД Велес почнувајќи од 18.07.2010 година.

Одборот на директори на Македонската берза на седницата одржана на 14.07.2010 година одлучи да ги исклучи од котација акциите издадени од Статер банка АД Куманово од Официјалниот пазар на Македонската берза АД Скопје согласно член 9.05 точка 2 подточка в) од Правилата за котација на Македонската берза АД Скопје бидејќи акциите

издадени од Статер банка АД Куманово не го исполнуваат барањето согласно точка 2.04. став (1) алинеа (3) од Правилата за котација поврзано со распространетоста на акциите во посед на јавноста, што произлезе од претходно отпочнатите процеси за сопственичко преструктуирање на банката и за присоединување на Статер банка АД Куманово кон Централна кооперативна банка АД Скопје.

### *4.3.2. Исклучување од котација на обврзници од Официјалниот Пазар*

Во текот на 2010 година ниту една обврзница не беше исключена од котација, а заради достасување се отстранија од тргување следниве обврзници:

- 05.05.2010 година: Континуираната државна обврзница бр.2 во 2008 година (со шифра на тргување DO160510) издадена од Република Македонија;
- 02.04.2010 година: Континуираната државна обврзница бр.2 во 2007 година (со шифра на тргување DO170410) издадена од Република Македонија;

## *4.4. Активности во врска со котирани друштва*

### *4.4.1. Објавување на финансиски извештаи*

Од аспект на објавувањето на ревидираните финансиски извештаи од страна на котираните друштва, во текот на 2010 година сите котирани друштва ја исполнија обврската за објавување на целосните ревидираните годишни финансиски извештаи за 2009 година во законски предвидениот рок.

Во поглед на обврската за објавување на периодични биланси на успех согласно Правилата за котација, сите друштва во предвидениот рок ги објавија неревидираните биланси на успех преку 170 поединечни објави на СЕИ-НЕТ.

Во поглед на исполнување на обврската за објавување на финансиски план за 2010 година 24 друштва објавија финансиски планови. Три друштва се изјаснија дека не изработуваат финансиски планови и како такви не ги усвојуваат на орган на управување.

### *4.4.2. Објавување на ценовно чувствителни информации*

Освен постапувањето по обврската за објавување на финансиски извештаи, котираните друштва во текот на 2010 година објавија вкупно 222 информации поврзани со седници на собрание на акционери и одлуки на органите на управување на друштвата и 177 други ценовно чувствителни информации.

### *4.4.3. Прекини на тргување*

Согласно точка 6.09. подточка 7 од Правилата за котација заради необјавување на содржината на одлуките донесени на собрание на акционери првиот следен ден на тргување после денот на нивното донесување, Берзата на 11.06.2010 година изврши привремен прекин на тргувањето со акциите издадени од ЗК Пелагонија АД Битола. Тргувањето со акциите издадени од ЗК Пелагонија АД Битола беше прекинато 50

минути и продолжи по објавувањето на СЕИ-НЕТ на содржината на одлуките донесени на собранието на акционери на друштвото.

### *4.4.4. Изрекување на мерка Опомена на котирано друштво*

На 25.06.2010 година, едно котирано друштво преку СЕИ-НЕТ апликацијата ја извести Берзата и јавноста за донесени одлуки од продолженото Собрание на акционери на друштвото кое се одржало на ден 24.06.2010 година, без пред тоа да објави јавен повик за свикување на Собрание на акционери најмалку 21 ден пред датумот на одржувањето на Собранието и тие информации да ги објави преку СЕИ НЕТ апликацијата, согласно точка 6.09 став (4) од Правилата за котација.

Оттаму, имајќи ги предвид надлежностите на Одборот на директори за спроведување на актите на Берзата, како и интересите на акционерите на тоа друштво, инвеститорите и на транспарентноста на пазарот на хартии од вредност, Одборот на директори на Берзата на седницата одржана на ден 29.06.2010 година одлучи да постапи согласно точка 9.02 алинеа а) од Правилата за котација на Берзата и да изрече мерка опомена заради непочитување на Правилата за котација спрема друштвото.

### *4.4.5. Активности за привлекување на нови друштва на котација на Берзата*

Македонска Берза АД Скопје на 01.04.2010 година склучи Договорот за соработка со ИФЦ во Македонија во кој се предвидени активности за спроведување на поединечна обука кај котираните компании за нивно запознавање со измените и дополнувањата на Правилата за котација, одржување на еднодневна работилница за ДОО и мали акционерски друштва за предности од котација на Македонската Берза и спроведување на поединечна обука кај ДОО и мали акционерски друштва за котација на Берза и подобрување на корпоративното управување кај овие друштва.

Согласно Договорот за соработка, Македонската берза врз основа на податоците за остварениот обем на тргување во минатиот период, степенот на исполнување на одредбите од Правилата за котација како и редовноста во објавувањето на информации преку СЕИ-Нет избра 15 котирани друштва кај кои во текот на месец мај и јуни претставници од Македонската берза и ИФЦ спроведоа поединечни обуки во просториите на друштвата за измените и дополнувањата на Правилата за котација како и кратка обука за активностите и обврските кои ги имаат лицата за контакт со инвеститорите, воведени согласно новините во Правилата за котација.

Во рамките на активностите за привлекување на нови друштва на котација беше предвидено одржување на еднодневна работилница за друштва со ограничена одговорност и мали акционерски друштва на тема предности од котација на Македонската Берза. За оваа цел Берзата изврши анализа на потенцијални компании чии хартии од вредност би можеле да претставуваат погоден материјал за тргување на пазарот и кои би можеле да имаат интерес за котација на Македонската берза и избра 85 компании до кои испрати покана за одржување на еднодневна работилница. На 02.06.2010 година во просториите на Берзата се одржа работилницата за предностите од котација на Македонската Берза, на која беа објаснети начините на финансирање на компаниите со посебен осврт на финансирањето преку Берза, целокупната постапка и процедура за

издавање на хартии од вредност и котација на Берза, бенефитите од котација на Берза и корпоративното управување кај семејните бизниси.

Во рамките на активностите за привлекување на нови друштва на котација, до крајот на годината Берзата одржа состаноци со девет друштва кои присуствуваа на еднодневната работилница за друштва со ограничена одговорност и мали акционерски друштва. На состаноците беше дискутирано за предностите од котација, процедурите за издавање на хартии од вредност, постапката за котација на хартии од вредност на Берзата и се изврши кратко скенирање на управувачката структура на друштвата со цел подобрување на нивното корпоративно управување и полесно преструктуирање и котација на Официјалниот пазар на Македонската берза.

### *4.5. Толкување на одредби од Правилата за котација од страна на Одборот на директори*

Со дополнителната обврска која произлезе од Измените и дополнувањата на Правилата за котација за објавување на финансискиот план за наредната година, како и извадокот од програмата за работа на друштвото за друштавата кои се на Супер котација, кај некои котирани компании настана дилема во врска со обврската финансискиот план да се усвојува, потврдува и/или одобрува на Собранието на акционери на друштвото.

Берзата изготви толкување на член 6.08 точка 14 и член 6.09. точка 10 од Правилата за котација со која појасни дека финансискиот план односно и извадокот од усвоената програма за работа на друштвото за друштвата кои се распоредени на подсегментот Супер котација, треба да ги објават најдоцна во рок од 7 дена од нивното усвојување од страна на со Статут определениот надлежен орган на управување (Управен одбор, Надзорен одбор или Одбор на директори) и доколку истите се усвојуваат, потврдуваат и/или одобруваат на Собранието на акционери, друштвото треба да ја објави и содржината на актите со кој се врши усвојувањето, потврдувањето и/или одобрувањето. Заклучокот за толкувањето на Правилата за котација, Берзата го објави на интернет страницата и по електронски пат го достави до котираните акционерски друштва и до нивните именувани лица за контакт со инвеститорите.

## 5. ЧЛЕНСТВО

### *5.1. Членки на Берзата*

Во текот на 2010 година беше примена една нова членка во членството на Берзата, а на шест членки трајно им престана членството во Берзата, како последица на што на крајот од 2010 година вкупниот број членки на Берзата изнесува 20, од кои 6 се банки, а 14 се брокерски куќи.

Состојбите со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје во текот на 2010 година се презентирани во следнава табела:

<table>
<tr><th colspan="5">Состојби со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје</th></tr>
<tr><td colspan="3">• Број на членки на Берзата на почеток на 2010 година</td><td colspan="2">25</td></tr>
<tr><td colspan="5"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Прием на нови членки</td><td>Назив</td><td>Датум на прием во членство</td><td>Датум на почеток на користење на правата од членство</td><td>шифра за тргување</td></tr>
<tr><td>НЛБ Тутунска банка АД Скопје</td><td>12.04.2010</td><td>13.04.2010</td><td>ТН</td></tr>
<tr><td colspan="5"></td></tr>
<tr><td rowspan="3">Привремено исклучување од членство</td><td>Назив</td><td colspan="2">Датум на привремено исклучување од членство</td><td>Датум на повторно стекнување на статусот на членка</td></tr>
<tr><td>ДЕЛТА БРОКЕР АД Скопје</td><td colspan="2">01.02.2010</td><td>Датум на исполнување на континуирани услови за членство</td></tr>
<tr><td>Битола Брокер АД Скопје</td><td colspan="2">16.02.2010</td><td>29.03.2010</td></tr>
<tr><td colspan="5"></td></tr>
<tr><td rowspan="6">Трајно исклучување од членство</td><td>Назив</td><td colspan="2">Датум на трајно исклучување од членство</td><td>Шифра за тргување</td></tr>
<tr><td>ВИП АД Скопје</td><td colspan="2">15.03.2010</td><td>ВП</td></tr>
<tr><td>Идеја Плус Брокер АД Радовиш</td><td colspan="2">24.03.2010</td><td>ИП</td></tr>
<tr><td>НЛБ Тутунска брокер АД Скопје</td><td colspan="2">13.04.2010</td><td>ТН</td></tr>
<tr><td>Делта Брокер АД Скопје</td><td colspan="2">17.05.2010</td><td>ДЛ</td></tr>
<tr><td>Статер банка АД Куманово</td><td colspan="2">09.07.2010</td><td>СТ</td></tr>
<tr><td colspan="5"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Доброволно истапување од членство</td><td>Назив</td><td colspan="2">Датум на трајно исклучување од членство</td><td>Шифра за тргување</td></tr>
<tr><td>УНИ Банка АД Скопје</td><td colspan="2">03.10.2010</td><td>БЛ</td></tr>
<tr><td colspan="5"></td></tr>
<tr><td colspan="3">• Број на членки на крај на 2010 година</td><td colspan="2">20</td></tr>
</table>

Одборот на директори на седницата одржана на ден 25.02.2010 година донесе одлука за прием на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност НЛБ Тутунска банка АД Скопје во членството на Берзата. Оваа одлука е последица на автономната одлука за згаснување на активноста на НЛБ Тутунска Брокер АД Скопје, и фактичкото преземање на активностите со хартии од вредност од страна на матичниот акционер на куќата, НЛБ Тутунска банка АД Скопје. По приемот во членство, овластената банка навремено ги исполни обврските утврдени со Правилата за членство и на ден 13.04.2010 година започна да ги користи правата од членство во Берзата, односно започна со тргување на Македонската берза.

Одборот на директори на седницата одржана на ден 21.09.2010 година, постапувајќи по барањето на членката УНИ Банка АД Скопје за доброволно истапување од членство во Берзата констатираше дека УНИ Банка АД Скопје ги исполнува условите за доброволно истапување од членство во Берзата и донесе одлука за престанување на статусот членка на Берзата на членката УНИ Банка АД Скопје по основ на доброволно истапување од членство, започнувајќи од ден 03.10.2010 година.

Постапувајќи по решенија на Комисијата за хартии од вредност во однос на членките, Македонската берза во текот на 2010 година ги презеде следните активности:

- Врз основа на Решение на Комисијата за хартии од вредност, со кое се изрекува мерка привремена забрана на брокерската куќа Битола Брокер АД Битола за вршење на сите услуги со хартии од вредност за кои има добиено дозвола од Комисијата за хартии од вредност, Македонската берза донесе одлука за привремено исклучување од членство во Берзата на членката Битола Брокер АД Битола, со времетраење од 30 работни дена, започнувајќи од ден 16.02.2010 година.

- Врз основа на Решенија на Комисијата за хартии од вредност, со кои се врши одземање на дозволата за работа на ВИП АД Скопје и ИДЕЈА ПЛУС БРОКЕР АД Радовиш поради отпочнување на постапка за ликвидација, Одборот на директори на Берзата донесе одлука за трајно исклучување од членство во Берзата на членката ВИП АД Скопје, започнувајќи од ден 15.03.2010 година и на членката ИДЕЈА ПЛУС БРОКЕР АД Радовиш, започнувајќи од ден 24.03.2010 година.

- Врз основа на Решенија на Комисијата за хартии од вредност, со кои се врши одземање на дозволата за работа на НЛБ Тутунска Брокер АД Скопје и Делта Брокер АД Скопје, Одборот на директори на Берзата донесе одлука за трајно исклучување од членство во Берзата на членката НЛБ Тутунска Брокер АД Скопје, започнувајќи од ден 13.04.2010 година и на членката Делта Брокер АД Скопје, започнувајќи од ден 17.05.2010 година.

Во продолжение е презентирана листа на членки на Македонска берза АД Скопје, со состојба на ден 31.12.2010 година:

| ЧЛЕНКА | ШИФРА |
|---|---|
| | |
| **Алта Виста Брокер АД Скопје** | **АВ** |
| **АУКТОР&ХИТА Брокери АД Скопје** | **АК** |
| **Битола Брокер АД Битола** | **ББ** |
| **Бро-Дил АД Скопје** | **БД** |
| **Еуро Брокер АД Скопје** | **ЕУ** |
| **Еурохаус АД Скопје** | **ЕХ** |
| **Фершпед Брокер АД Скопје** | **ФР** |
| **Инвестброкер АД Скопје** | **МИ** |
| **Илирика Инвестментс АД Скопје** | **ИЛ** |
| **Иново Брокер АД Скопје** | **ИН** |
| **Комерцијална банка АД Скопје** | **КБ** |
| **МОЈ Брокер АД Скопје** | **МО** |
| **НЛБ Тутунска банка АД Скопје** | **ТН** |
| **Нови Триглав АД Скопје** | **НТ** |
| **Охридска банка АД Охрид** | **ОХ** |
| **ПЕОН Брокер АД Скопје** | **ПЕ** |
| **Поштел Брокер АД Скопје** | **ПТ** |
| **Стопанска банка АД Скопје** | **СБ** |
| **ТТК Банка АД Скопје** | **ТК** |
| **Централна кооперативна банка АД Скопје** | **СЛ** |

### *5.2. Овластени брокери*

Во 2010 година состојбата со статусот на овластените брокери со право за пристап до БЕСТ системот на Македонска берза АД Скопје е презентирана во следнава табела:

| **Овластени брокери со право на пристап до БЕСТ** | |
|---|---|
| Број на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот на почеток на годината | **85** |
| | |
| Број на овластени брокери кои се стекнале со правото за пристап до БЕСТ системот | **3** |
| Број на овластени брокери на кои им е суспендирано правото за пристап до БЕСТ системот | **29** |
| Број на овластени брокери на кои им е активирано суспендираното право за пристап до БЕСТ системот | **9** |
| | |
| Број на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот на крај на годината | **68** |

Намалувањето на бројот на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот во текот на 2010 година се должи, пред се, на намалувањето на бројот на членки на Берзата во истиот период, како и намалувањето на обемот на работа на активните членки на Берзата.

Постапувајќи по решенија на Комисијата за хартии од вредност во однос на овластените брокери со дозвола од Берзата за пристап до БЕСТ системот, во текот на 2010 година Берзата на неколку наврати го укинуваше, односно суспендираше, и активираше правото на пристап на овластени брокери до БЕСТ системот на Берзата.

Во текот на 2010 година Берзата ги водеше и редовно ги ажурираше регистарот на членки и регистарот на брокери, согласно одредбите на Правила за членство на Берзата.

## 6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на 2010 година, Македонската берза АД Скопје континуирано ја спроведуваше функцијата на надзор над тргувањето со хартии од вредност, чија крајна цел беше одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност. Оваа активност, пред се, подразбираше вонтеренско следење на тргувањето на Берзата, вонтеренска контрола на членките на Берзата и воочување на евентуални вонредни пазарни состојби, а врз основа на тоа и соодветни интервенции на Берзата во одредени ситуации.

Врз основа на Програмата за работа на Македонска берза АД Скопје за 2010 година, во која, во рамките на извршувањето на редовните активности поврзани со надзорот, беше предвидено вршење на теренски контроли на определени членки базирана на принципот на постоење ризик (risk based approach), Секторот за деловни операции изготви Предлог-План за контроли на членките на Македонската берза во 2010 година. Беа спроведени и теренски контроли врз девет членки на Берзата. За спроведените контроли беа изготвени записници од контролите, и истите, во предвидените рокови, беа доставени до соодветните членки на Берзата. За наодите од од теренските контроли на работењето на членките на Македонска берза АД Скопје реализирани во текот на 2010 година беше информиран Одборот на директори на Берзата.

Врз основа на контролите што Македонска берза АД Скопје ги спроведе врз работењето на членките како дел од својата надзорна функција во текот на 2009 година, во 2010 година од страна на Главниот Извршниот директор на Берзата беа поднесени Предлози за отпочнување на дисциплински постапки спрема четири членки на Берзата. Согласно пропишаната процедура во Правилата за однесување и дисциплина, на ден 30.03.2010 година беше одржана седница на Дисциплинската комисија на Берзата во врска со поднесените Предлози за отпочнување на дисциплинска постапка, притоа Дисциплинската комисија заклучи дека заради целосно утврдување на фактичката состојба потребно е непосредно испитување на претставници на членките против кои се поведени дисциплинските постапки преку усно сослушување на истите или преку достава на одбраната на членките до Дисциплинската комисија на Берзата во писмена форма. Врз основа на наодите од спроведените постапки, Одборот на директори на Берзата, во

согласност со своите надлежности утврдени во Статутот и Правилата за однесување и дисциплина, изрече дисциплинска мерка "опомена со известување на сите членки на Берзата за донесената дисциплинска одлука" спрема една членка на Берзата и дисциплинска мерка "опомена со доставување на дисциплинска одлука" спрема три членки, заради констатирани повреди на актите на Берзата.

# 7. НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Активностите на Берзата во рамките на нејзиното нормативно работење во текот на 2010 година, сумарно се прикажани преку следните области:

## *7.1. Донесување на нови и изменување и дополнување на важечките акти на Берзата*

Со цел усогласување со измените и дополнувањата на законските прописи, како и подобрување на постоечките акти на Берзата од аспект на појасна и поефикасна имплементација на истите од страна на субјектите на кои се однесуваат и подобро организирање на секундарниот пазар на хартии од вредност од страна на Берзата, во текот на 2010 година беа направени измени во актите на Берзата, преку донесување на нови верзии или измена на постоечките верзии на актите, и тоа:

### *7.1.1. Правилата за тргување на Берзата*

- *Активности во врска со утврдувањето на конечната верзија и стапувањето во сила на новите Правила за тргување на Берзата*

Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје, на седницата одржана на ден 30.11.2009 година, ги усвојување новите Правила за тргување на Берзата, за коишто беше дадена согласност од Комисијата за хартии од вредност со Решение бр.УП1 08-5 од 07.12.2009 година. Воедно, покрај дадената согласност, Комисијата за хартии од вредност со Решението бр.УП1 08-5 и наложи на Берзата имплементација на одредени измени и дополнувања во дел од одредбите на новите Правилата за тргување на Берзата.

Незадоволна од Решението бр.УП1 08-5, Берзата на 11.01.2010 година поднесе делумна жалба до второстепената Комисија за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност против дел од одредбите од диспозитивот на Решението со кои се воведува целосна забрана за склучување на вкрстени трансакции помеѓу членка-принципал или вработен во членка-принципал и клиент и се укинува принципот на конечност на склучените трансакции со хартии од вредност на Берзата, поради што обжалените одредби не станаа правосилни и извршни и не беа имплементирани во текстот на усвоените Правила за тргување на Берзата.

Во меѓувреме, Одборот на директори на Берзата на ден 12.02.2010 година усвои тринаесет Одлуки кои што произлегуваат и се поврзани со отпочнувањето на примената на новите Правила за тргување на Берзата, со што се создадоа неопходните нормативни услови за стапување во сила на Правилата, како и новиот систем за тргување на Берзата.

По исполнувањето на сите нормативни и технички услови, на ден 15.03.2010 година започнаа со примена новите Правила за тргување на Берзата и новата софтверска верзија на системот за тргување со имплементиран FIX Протокол. Воедно, истиот ден до Берзата беше доставена одлуката на второстепениот орган со која се одбива жалбата на Берзата изјавена против Решението бр.УП1 08-5 на Комисијата за хартии од вредност, како последица на што обжалените одредби од Решението беа имплементирани во новите Правила за тргување на Берзата.

- *Измени и дополнувања на Анекс 3 од Правилата за тргување на Берзата*

Анексот 3 од Правилата за тргување на Берзата предвидуваше можност постапката за запишување на јавно понудени хартии од вредност, вклучувајќи ги примарните емисии и продажбата на сопствени акции, да се спроведува преку Берзата, како еден од алтернативните законски начини на спроведување на постапката. Со измените на Законот за хартии од вредност (Сл.весник бр.57 од 26.04.2010 година) беше пропишано дека постапката на запишување на јавно понудени хартии од вредност мора задолжително да се спроведува само преку овластена берза.

Имајќи го предвид наведеното, Берзата пристапи кон разгледување на одредбите од Анекс 3 од важечките Правила за тргување во светло на најновите законски измени, анализирајќи го постоечкиот систем на спроведување на запишувањето на јавно понудени хартии од вредност преку Берзата и потребите за негово евентуално менување или доуредување во насока на прилагодување со законските измени.

Врз основа на направените анализи, беше остварена комуникација со Комисијата за хартии од вредност, при што беше констатирано дека е потребно истовремено да се направат координирани измени и дополнувања на подзаконските акти на Комисијата за хартии од вредност коишто ја регулираат постапката на јавна понуда на хартии од вредност на примарниот пазар, на Анекс 3 од Правила за тргување на Берзата, како и на актите на останатите засегнати овластени учесници на пазарот на хартии од вредност, со цел усогласување на наведената регулатива со Законот за хартии од вредност, како и создавање на сеопфатна и усогласена правна рамка што ќе овозможи законито и ефикасно спроведување на јавни понуди на хартии од вредност на примарниот пазар.

Врз основа на остварената координација и преземените заеднички активности со Комисијата за хартии од вредност, Одборот на директори на Берзата на 16.12.2010 година донесе Одлука за измени и дополнувања на важечките Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје со која беше усвоен нов текст на Анекс 3 на Правилата за тргување со цел негово усогласување со измените на Законот за хартии од вредност, потоа беше овозможено склучување на трансакции со хартии од вредност на Берзата во кои и од куповната и од продажната страна ќе се јави една иста сметка, доколку таа сметка е збирна сметка, согласно Правилата за работа на Централниот Депозитар, како и беше направено усогласување на одредбите од Правилата за тргување со новините кои ќе бидат воведени со отпочнувањето на функционирање на Гарантниот фонд на Депозитарот.

Одлуката за измени и дополнувања на Правилата за тргување на Берзата беше доставена до Комисијата за хартии од вредност на ден 17.12.2010 година, за добивање на согласност.

### *7.1.2. Правилата за котација на Берзата*

Имајќи предвид дека со дополнителната обврска која произлезе од измените и дополнувањата на Правилата за котација за објавување на финансискиот план за наредната година настана дилема кај некои котирани компании во врска со обврската финансискиот план да се разгледува и/или усвојува на Собрание на акционери на друштвото, Одборот на директори на Берзата на 26.03.2010 година донесе Заклучок за толкување на соодветните одредби од Правилата за котација на Берзата и истиот го објави на својата интернет страница. Деталите околу ова толкување се обработени во делот 4.5. на овој Извештај.

### *7.1.3. Тарифник за висина на надоместоците на Берзата*

- *Измена на Тарифникот за висината на надоместоците на Берзата*

На ден 12.03.2010 година, Комсијата за хартии од вредност ја достави до Берзата одлуката на Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност, со која жалбата изјавена од страна на Берзата против Решението бр.08-418/9 од 25.09.2009 година на Комисијата за хартии од вредност се прифаќа, а Решението бр.08-418/9 делумно се менува на тој начин што се зголемува висината на надоместокот за тргување со акции на Берзата за сите трансакции во вредност до 1.000.000,00 денари од 0,1% на 0,2%.

Делумната измена на првостепеното Решение бр.08-418/9 на Комисијата за хартии од вредност имаше за последица имплементирање на соодветната измена во текстот на важечкиот Тарифник за висината на надоместоците на Македонска берза АД Скопје, која што започна да се применува од ден 15.03.2010 година.

- *Постапување по барање за намалување и/или укинување на дел од надоместоците за членство во Берзата*

Групацијата за работење со хартии од вредност при Стопанската комора на Р.Македонија на 30.07.2010 година достави барање до Берзата за намалување и/или укинување на дел од надоместоците за членство, утврдени во Тарифникот на Берзата. Одборот на директори на Берзата на 18.08.2010 година го разгледа барањето на Групацијата и ја задолжи стручната служба на Берзата да изготви детална анализа за потребата и ефектите од целосното или делумното прифаќање на барањето врз финансиското работење на Берзата, во актуелното деловно окружување во кое функционира пазарот на хартии од вредност.

Врз основа на изготвените финансиски анализи, Одборот на директори на 21.09.2010 година одлучи дека би можело делумно и времено да се прифати барањето на Групацијата за работење со хартии од вредност, без притоа да се загрози планираниот годишен финансиски резултат утврден од страна на акционерите на Берзата во Програмата за работа за 2010 година. Воедно, Одборот одлучи формалната одлука за времено и делумно ослободување на членките на Берзата од наведените надоместоци да се достави до Комисијата за хартии од вредност на согласност откако Групацијата за работење со хартии од вредност писмено ќе ја информира Берзата за својот официјален

став по однос на времено ослободување дека членките на Групацијата постигнале согласност за поддршка на донесената одлука на Берзата за времено и делумно ослободување од надоместоците за членство. Одборот на директори на Берзата на 26.10.2010 година донесе одлука за времено ослободување со цел истата да важи за периодот Ноември и Декември 2010 година и Јануари 2011 година и истата беше доставена до Комисијата за хартии од вредност за добивање согласност.

### *7.1.4. Измена на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места на Македонска берза АД Скопје*

Согласно измените на Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр.48 од 09.04.2010 година), органот на надзор на секое акционерско друштво кое е голем трговец е должен да организира служба за внатрешна ревизија, како независна организациска единица во друштвото, почнувајќи од 01.01.2011 година.

Со цел усогласување со наведените законски измени, а имајќи предвид дека Македонската берза, согласно одредбите на Законот за трговски друштва, претставува голем трговец, неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата на 30.11.2010 година донесоа Одлука за основање на Дирекција за внатрешна ревизија во Берзата. Воедно, Одборот на директори на истата седница донесе Одлука за измени и дополнувања на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места на Македонска берза АД Скопје со цел усогласување на Правилникот со одлука за основање на Дирекција за внатрешна ревизија во Берзата.

### *7.1.5 Програмата за имплементација на мерките за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам на Македонска берза АД Скопје*

Согласно најновите измени на Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам од 2010 година, Македонската берза беше директно дефинирана како субјект по законот. Поради тоа, Берзата изготви Програма за имплементација на мерките за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, кој акт беше доставен до Управата, на увид и мислење.

Управата го прифати изготвениот текст на Програмата за имплементација на мерките за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам на Берзата, врз основа на што Одборот на директори на Берзата, на својата седница одржана на ден 29.06.2010 година, ја воведе во примена Програмата, согласно член 6 став 1 алинеја 4 и член 40 став 1 од Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

### *7.1.6 Општи услови за комерцијално огласување на официјална интернет страницата на Берзата*

Во согласност со ставот на Одборот на директори на Берзата за одобрување на активноста за објавување на комерцијални огласи на интернет страницата на Берзата (вклучително и без ограничување за членките и котираните друштва), Берзата пристапи кон изготвување на Општи услови за комерцијално огласување на официјална интернет страницата на Берзата во коишто се утврдени условите и начините за комерцијално огласување, како и дефинирање на цените за комерцијално огласување и позициите на

кои што можат да се поставаат огласите. Притоа, максимално се водеше сметка да се обезбеди еднаков и недискриминирачки третман на сите евентуални заинтересирани огласувачи. Воедно, во Општите услови за комерцијално огласување на официјална интернет страницата на Берзата се регулирани условите под кои може да се одбие поставување на комерцијален оглас или отстранување на веќе поставен комерцијален оглас на интернет страницата на Берзата, со цел заштита на интересите на инвеститорите и интегритетот на Берзата и пазарот на хартии од вредност.

### 7.1.7. Подготвителни активности за воведување на поддржувачи на ликвидност на Македонска берза АД Скопје

Во согласност со развојните планови на Македонската берза, како и во согласност со потребата за подобрување на квалитетот, ликвидноста и ефикасноста на македонскиот пазар на хартии од вредност во услови на намалена ликвидност, во текот на 2010 година беа преземени подготвителни дејствија од страна на стручните служби на Берзата, во насока на утврдување на можностите и условите за воведување на поддржувачи на ликвидност на Македонсата Берза.

Имено, во рамките на подготвителната фаза, стручните служби на Берзата посветија големо внимание за спроведување на детални анализи за утврдување на степенот на ликвидност на хартиите од вредност котирани на официјалниот пазар на Берзата, како и на поликвидните хартии од вредност на Редовниот Пазар, со цел утврдување на критериуми врз основа на кои би се избрале хартиите од вредност за кои може да се врши услуга на поддржување на ликвидност.

## 7.2. Годишно собрание на акционери на Берзата

На 26.05.2010 година беше одржана седница на Собранието на акционери на Берзата, на кое беа усвоени: Годишниот извештај за работа на Македонската берза АД Скопје за 2009 година, Извештајот за работа на Одборот на директори за 2009 година, Финансиските извештаи за 2009 година и Програмата за работа на Македонската берза АД Скопје за 2010 година. Воедно, Собранието на акционери на Берзата ги донесе следните одлуки: Одлука за усвојување на годишната сметка на Македонска берза АД Скопје за 2009 година, Одлука за распоредување на добивката по годишната сметка за 2009 година, Одлука за распределба на нераспределена (задржана) добивка по годишната сметка за 2009 година, Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2009 година, Одлука за именување на ревизор на финансиските извештаи на Македонска берза АД Скопје за 2010 година.

Во предвидените рокови Берзата ги презеде сите потребни активности за спроведување на одлуките од Собранието на акционери.

Во врска со дискусијата на Собранието на акционери на Берзата од 26.05.2010 година при донесувањето на Одлуката за распределба на нераспределена (задржана) добивка по годишната сметка за 2009 година, Берзата во текот на месец Јуни достави барање до Управата за јавни приходи за поврат на побарувањата од аконтативно платен данок на добивка во износ од 24.882.911,00 денари заклучно со 31.12.2009 година. Поради тоа, во текот на месец октомври 2010 година, Управата за јавни проходи спроведе непосредна контрола во Берзата над плаќањето на данокот на добивка и достави до Берзата записници од контролираните години (2008 и 2009 година), во кои нема констатации за

утврдени нерегуларности. Исто така, по однос на поднесеното барање, донесени се и решенија од страна на Управата, со кои се констатира правото на поврат.

## *7.3. Комуникација со Комисијата за хартии од вредност*

### *7.3.1. Контрола од страна на Комисијата*

Во врска со извршената редовна годишна контрола на работењето на Берзата од страна на Комисијата за хартии од вредност од 21.12.2009 година во 2010 година беше добиен Записник од извршената контрола, при што не се констатирани посебни наоди во однос на работењето на Берзата.

На ден 22.12.2010 година, Комисијата за хартии од вредност ја изврши редовната годишна контрола на работењето на Берзата со цел проверка на целокупното работење на Берзата во 2010 година. До крајот на извештајниот период не беше доставен записникот од Комисијата за извршената контрола.

### *7.3.2. Известување на Комисијата согласно закон и подзаконски акти*

Во текот на 2010 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност, како и други акти, извештаи и известувања согласно законот. Воедно, покрај редовната комуникација, во текот на извештајниот период Берзата доставуваше други дополнителни дописи и известувања до Комисијата, како на барање на Комисијата за хартии од вредност, така и на своја иницијатива.

## *7.4. Доставување одговори на поднесени барања*

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања во општа управна постапка од надлежните органи и институции, како и од физички лица, кои во текот на извештајниот период во голема фрекфенција се обраќаа до Берзата, претежно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции и за пазарната вредност на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата.

## *7.5. Други нормативни активности*

- **Усогласеност на составот на Одборот на директори на Берзата со член 77 од Законот за хартии од вредност**

На 21.06.2010 година, Комисијата за хартии од вредност ја извести Берзата дека Комисијата на својата седница одржана на ден 27.05.2010 година донела заклучок да и даде рок од 30 дена на Берзата за усогласување на составот на Одборот на директори на Берзата со член 77 став 3 од Законот за хартии од вредност, со образложение дека Комисијата за хартии од вредност констатирала дека од вкупно тројца независни членови

на Одборот на директори на Берзата, само двајца ги исполнуваат пропишаните законски услови.

Во врска со тоа, стручната служба на Берзата изготви анализа на правната регулатива поврзана со целокупната фактичко-правната состојба во однос на заклучокот на Комисијата за хартии од вредност за составот на Одборот на директори на Берзата, пришто Одборот на 14.07.2010 година ја разгледа направената анализа и имајќи ја предвид правната рамка што ја регулира оваа проблематика, Одборот на директори одлучи Берзата да достави допис до Комисијата за хартии од вредност со барање за добивање на конкретни насоки и/или задолженија за постапување од Комисијата. Барањето до Комисијата за хартии од вредност беше доставено на 15.07.2010 година.

Комисијата за хартии од вредност на 22.10.2010 година достави до Берзата Решение со кое се утврдува неправилност во работењето на Берзата заради непочитување на одредбите од член 77 став 3 од Законот за хартии од вредност и со кое се задолжува Берзата во рок од 60 календарски дена од денот на приемот на Решението да ја отстрани утврдената неправилност.

Одборот на директори на Берзата, на седницата одржана на 26.10.2010 година, го разгледа Решението на Комисијата за хартии од вредност. Притоа, имајќи ја предвид целокупната релевантна фактичко-правна состојба за составот на органите на управување на овластена берза и за поврзаните лица, Одборот заклучи да биде поднесена жалба против Решението на Комисијата за хартии од вредност до надлежната второстепената Комисија за жалби во областа на работење со хартии од вредност, од причина дека ниту еден од независните членови во органот на управување на Берзата нема значително влијание врз управувањето и донесувањето на деловната политика, финансиските и деловните одлуки на друго правно лице овластен учесник на пазарот на хартии од вредност. Жалбата на Берзата беше поднесена на 04.11.2010 година.

Имајќи предвид дека второстепениот орган не одлучи по жалбата на Берзата во рамките на рокот за усогласување утврден во диспозитивот на обжаленото Решение на Комисијата за хартии од вредност, еден од неизвршните членови на Одборот поднесе неотповиклива оставка од функцијата член на Одборот на директори на Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 20.12.2010 година, со што Берзата се усогласи со задолжението од Решението на КХВ.

- ***Активности во врска со барањето за регистрирање на акциите издадени од ОИЛКО КДА Скопје на Редовниот пазар на Берзата***

На 14.10.2010 година, Берзата прими барање од ОИЛКО КДА Скопје за регистрирање на акциите издадени од ова друштво на редовниот пазар на Берзата, на сегментот пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување, со образложение дека Комисијата за хартии од вредност на 25.05.2010 година извршила запишување на ОИЛКО КДА Скопје во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување.

Берзата изврши увид во својата архива и констатираше дека Комисијата за хартии од вредност со известување бр.07-1311/1 од 27.05.2010 година ја известила Берзата за извршените запишувања на акционерски друштва со посебни обврски за известување во Регистарот од 25.05.2010 година како последица на измените и дополнувањата во член 1

став 1 од Законот за изменување и дополнување на на Законот за хартии од вредност (Сл.Весник на Р.М. бр.57/2010), но дека во тој допис ОИЛКО КДА Скопје не е наведено како новозапишано друштво во Регистарот.

Имајќи го предвид наведеното, како и целокупната фактичко-правна состојба поврзана со ОИЛКО КДА Скопје, Одборот на директори на Берзата на 26.10.2010 година, врз основа на документацијата добиена во прилог на барањето од ОИЛКО КДА Скопје, донесе заклучок акциите издадени од ОИЛКО КДА Скопје да се регистрираат на Редовниот пазар на Берзата, на сегментот пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување почнувајќи од 15.11.2010 година и за тоа да се извести Комисијата за хартии од вредност.

Во врска со наведениот заклучок на Одборот на директори на Берзата, следуваше комуникација помеѓу Комисијата за хартии од вредност и Берзата, од што произлезе дека Комисијата за хартии од вредност не го променила и сеуште стои на својот став искажан во дописот бр.08-2830/4 од 19.12.2008 година на Комисијата дека акциите издадени од ОИЛКО КДА Скопје не можат да бидат предмет на тргување на Македонската берза.

Имајќи го предвид наведеното, Одборот на директори на Берзата на својата седница одржана на 04.11.2010 година заклучи да се одложи регистрирањето на акциите издадени од ОИЛКО КДА Скопје на редовниот пазар на Берзата, на сегментот пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување, до заземање на позитивен став од страна на Комисијата за хартии од вредност дека истите акции можат да бидат предмет на тргување на Берзата. За истото беше известено и друштвото ОИЛКО КДА Скопје.

# 8. АКТИВНОСТИ ВО ВРСКА СО ПРОДАЖБА НА БЕРЗАНСКИ ИНФОРМАЦИИ

## *8.1. Склучени договори за дистрибуција на берзански податоци*

Во текот на 2010 година, Берзата продолжи со интензивни активности за широка дистрибуција на берзанските податоци, преку продолжување на соработката со постојните професионални дистрибутери и воспоставување на соработка со нови професионални дистрибутери, а со цел долгорочно зголемување на атрактивноста на македонскиот пазар на хартии од вредност и привлекување на поголем број на инвеститори од регионот и пошироко.

Како резултат на наведеното, во текот на извештајниот период беа склучени договори за дистрибуција на берзански информации со поголем број на локални и меѓународни дистрибутери, и тоа:

| **Локални дистрибутери** | **Тип на продукт за дистрибуција на берзански податоци** |
|---|---|
| Еуро Брокер АД Скопје | дистрибуција на податоци во реално време, со право на редистрибуција |
| Интервеј ДОО Скопје | дистрибуција на податоци во реално време, со право на редистрибуција |
| МАПАС | дистрибуција на податоци во реално време, без право на редистрибуција |
| Синерџи инвестментс ДОО Скопје | дистрибуција на податоци со задоцнување од најмалку 10 минути |
| КБ Прво Пензиско друштво АД Скопје | МБ-НЕТ |
| Народна Банка на Република Македонија | дистрибуција на податоци на крај на трговскиот ден |
| | |
| **Меѓународни дистрибутери** | **Тип на продукт за дистрибуција на берзански податоци** |
| Teletrader (Австрија) | дистрибуција на податоци во реално време, со право на редистрибуција |
| Еуропоинт системи (Србија) | дистрибуција на податоци во реално време, со право на редистрибуција |
| Thomson Reuters (Англија) | дистрибуција на податоци во реално време, со право на редистрибуција |
| SIX Telekurs LTD (Швајцарија) | дистрибуција на податоци во реално време, со право на редистрибуција |
| Bloomberg (САД) | дистрибуција на податоци во реално време, со право на редистрибуција |

## *8.2. Склучен Договор за соработка при продажба на берзански податоци за дистрибуција на меѓународни вендори со Виенска берза*

Во текот на извештајниот период, се финализираа преговорите во врска со склучувањето на Договорот за соработка при продажба на берзански производи за дистрибуција на берзански податоци на меѓународни вендори со Виенска берза, при што потпишувањето на Договорот од страна на Виенската берза беше реализирано на 27 септември 2010 година.

Со склучениот Договор за соработка при продажба на производи за дистрибуција на берзански податоци на меѓународни вендори со Виенска берза, Виенската берза не само што се јавува во својство на застапник на Македонската берза во продажбата на берзански податоци на меѓународни вендори, со соодветна делба на приходите, со што придонесува за понатамошното проширување на мрежата на меѓународни вендори на берзанските податоци на Македонската берза, туку и преку предвиденото предавање на know-how во однос на креирањето на производи за нивна понатамошна дистрибуција на вендори, значително ќе придонесе за развој на квалитетни и диверзифицирани производи

со берзански податоци на Македонската берза, а со тоа и нивно прилагодување на различните барања на индивидуалните и професионалните корисници.

### 8.3. *Активности во делот на информатичка поддршка за дистрибуција на берзанки информации*

Во текот на извештајниот период, Берзата започна со интензивни активности за имплементација на FIX протоколот при приемот на информации за тргувањето на Берзата од страна на вендорите, како најмодерен комуникациски протокол во сферата на дистрибуцијата на финансиски податоци, а со цел зголемување на бројот на меѓународните вендори кои би вршеле дистрибуција на берзанските податоци од македонскиот пазар на хартии од вредност и продлабочување на соработката со дел од постоечките вендори.

### 8.4. *Сервирисање на производите за продажба на информации*

Во текот на 2010 година, Берзата ги продолжи активностите за обезбедување на широка дистрибуција на берзанските податоци, во согласност со условите за дистрибуција дефинирани во важечкиот Тарифник на Берзата. Во извештајниот период Берзата продолжи активно да ги продава, сервисира и промовира своите производи БестНет, БестНет Аналитика и другите информациони пакети.

## 9. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКАТА И ТЕХНИКЧАТА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

### 9.1. *Активности поврзани со БЕСТ системот*

Во текот на 2010 година беа реализирани крупни промени во употреба на БЕСТ системот од страна на Берзата. Пред се тука треба да се наведат: тестирањето на новата верзија на системот за тргување, миграција кои истата, како и имплементацијата на FIX протокот од страна на некои членки. Исто така, се изврши обука за преземање на изворниот код на БЕСТ системот.

#### 9.1.1. *Тестирање на новата верзија на БЕСТ системот*

Во периодот од 24.02 до 05.03.2010 година членките на Берзата имаа можност да ја тестираат новата верзија на БЕСТ системот, при што се запознаа со сите новитети и промени кои ги нуди истата. За реализација на ова тестирање се употреби веќе воспоставеното тест опкружување, при што со цел да се обезбеди комплетна изолација на продукцискиот систем од тест системот, пристапот на членките беше реализиран преку интернет.

### 9.1.2. Премин кон новата верзија на БЕСТ системот

Во деновите 12.03, 13.03 и 14.03 беше реализиран премин од старата кон новата верзија на БЕСТ системот. Во текот на овој период, а по завршувањето на тргувањето на 12.03.2010 година беа изведени низа операции со кои се изврши трансформација на базата на податоци така што истата се прилагоди за употреба од страна на новата верзија на БЕСТ системот. Исто така, од трансформираната база на податоци се воспоставија трансакциски репликации до серверот за БерзаНет, серверот на кој се наоѓа базата на податоци која ја употребуваат интернет продуктите (web страница на Берзата, БестНет, web сервисите за дистрибуција на берзански податоци) и серверот на кој се наоѓа резервната база на податоци. Во деновите 13.03 и 14.03.2010 година се реализираше тестирање на пренесените податоци од старата база на податоци и се изврши тестирање на целиот систем.

На 15.03.2010 година успешно беше пуштена во продукција новата верзија на БЕСТ системот, при што не беа воочени никакви проблеми во работата на истиот.

### 9.1.3. Надградба на БЕСТ системот

Во текот на втората половина на месец Април 2010 година, а по претходно тестирање, беше пуштена во употреба надградбата на БЕСТ системот, која во себе ги содржеше следниве подобрувања: корекции на преводот на одделни термини на станицата за тргување; корекција на функционалностите во станицата за тргување во делот на корисничките аларми; подобрување на перформансите во делот на комуникациските сервери и сл.

### 9.1.4. Имплементација на FIX протоколот од страна на некои членки

Во текот на првиот квартал од 2010 година, по миграцијата на новата верзија на БЕСТ системот, некои од членките пројавија интерес за имплементација на FIX протоколот во нивните Back office апликации. За таа цел, Одделот за информатичка и техничка поддршка на Берзата, активно учествуваше во нивните тестирања и тоа со давање на консултации во врска со спецификите на FIX протоколот од аспект на неговата стандардизација и соодветната имплементација на истиот од страна на Берзата.

Со почетокот на вториот квартал од 2010 година (01.04.2010 година), една членка заврши со имплементација на FIX протоколот инкорпориран во нивниот back office систем, со што по доставените дигитални сертификати издадени од КИБС АД Скопје, истата започна со употреба и на овој интерфејс. Во текот на овој процес, членката се поврза со продукцискиот FIX сервер на Берзата, и успешно вршеше ракување со налозите преку истиот. При оваа операција не беа воочени никакви проблеми.

#### 9.1.5. Реализирана обука за изворниот код на БЕСТ системот

Во период од 08.11 – 12.11.2010 година во просториите на Берзата беше реализирана обука за преземање на изворниот код на БЕСТ системот. Обуката ја водеше претставник на Новита ДД Љубљана, а на истата учествуваа вработените во Одделот за информатичка и техничка поддршка на Берзата. Во текот на петте денови детално беа разгледани сите сегменти на БЕСТ системот и организацијата на изворниот код.

## 9.2. Промени на web страницата на берзата

Во текот на 2010 година беа реализирани низа промени на web страницата на Берзата. Тука пред се треба да се наведе промената која се наметна при преминот на новата верзија на БЕСТ системот, кој сега нуди можност за чување на податоци за финансиски извештаи на издавачите. При оваа операција беше извршена имплементација на промената на методологијата за пресметка на финансиските показатели и презентација на финансиските податоци за котираните друштва. Исто така, поради потребите за поставување на комерцијални банери на web страницата на Берзата, беше извршена промена на истата, со цел овозможување на ваквите функционалности. Во текот на редизајнот, беа изработени неколку шаблони за почетната страна, при што се утврдија позициите и димензиите за понудените комерцијални банери.

Со потпишување на меморандумот за соработка помеѓу Македонската, Софиската и Белградската Берза, беше предвидено поставување на основни дневни податоци од овие берзи на web страницата на Македонската берза. Исто така, Софиската и Белградската ги поставија соодветните податоци од Македонската Берза на нивните web страници. За имплементација на ова се направија промени на web страницата на Македонската Берза, а исто така од наша страна се имплементира апликација која ги чита податоците од крај на денот на Софиската и Белградската берза и ги запишува во база на податоци.

## 9.3. МБ Монитор

Во 2010 година започна имплементацијата на новата верзија на web страната на МБ Монитор. Беше извршено редизајнирање на графичкиот интерфејс, поставена структурата за базата на податоци за овој нов продукт и беа разгледани деталните спецификации на сите датотеки кои ќе бидат понудени како дел од истиот.

Со финализирањето на имплементацијата на МБ Монитор беа креирани следниве модули: корисничка web страница, администраторска web страница и апликација за генерирање на датотеки во различни формати на MS Office 2007.

Во почетокот на четвртиот квартал од 2010 година беше пуштен во употреба доменот mbmonitor.com.mk, на кој беа инсталирани web апликациите за корисниците и апликацијата за водење евиденција на корисниците и нивото на нивниот пристап, како и ажурирање на содржината на корисничката апликација (додавање на нови податоци). Исто така, на дел од компјутерите во секторот за Деловни операции беше инсталирана апликација за креирање на содржини за МБ Монитор во различни формати.

## *9.4. Пуштање во употреба на продуктот БестНет Аналитика*

Со пуштањето во употреба на новата верзија на БЕСТ системот, со создадоа услови за пуштање во употреба на новиот продукт БестНет Аналитика. Овој продукт беше имплементиран како дополнување на веќе постојниот продукт БестНет, при што се изврши надградба на истиот со веќе имплементираните модули „Техничка анализа“, „Фундаментална анализа“ и „Мое портфолио“. Исто така, се изврши прилагодување на административниот билинг модул на БестНет, така што истиот се надополни со функционалности за евиденција на претплатите за БестНет Аналитика. Продуктот БестНет Аналитика беше отворен за употреба за корисници на 01.04.2010 година.

## *9.5. Разгледување на можности за набавка на брокерска back-office апликација*

Во рамките на определбата на Берзата утврдена со Програмата за работа за 2010 година за разгледување на можноста за набавка на брокерска back-office апликација, na 17.06.2010 и 07.07.2010 година за членките на Македонската берза беа одржани презентации на апликацијата Broker Office, изработена од страна на Бањалучката берза. Оваа апликација е изработена така што ги употребува новите функционалности на БЕСТ системот, како што е FIX протоколот, а базирана е на новите технологии на .NET платформата. Во рамките на оваа апликација се содржани неколку модули, и тоа:

- модул за брокерско работење – eBroker
  (работа со клиенти, прием на налози, реализација на налозите автоматски и „рачно“, изработка на извештаи)
- модул за давање на електронски налози – eTrader
  (го употребуваат клиентите на членките, при што имаат увид во пазарот во реално време, може да даваат електронски налози)
- модул за книговодство – Interkont
  (целосно интегриран со eBroker апликацијата)

Во текот на Ноември и Декември 2010 година по барање на неколку членки беа реализирани дополнителни презентации и прецизирања на функционалностите на апликацијата Broker Office, при што беа разгледани и можностите за централизирана имплементација на истата. По ова следеше подготовка и доставување на иницијатива до сите членките во која беа обработени сите детали за интеграција на оваа апликација со употреба на централизирана архитектура за сите членки. Понатамошните активности на Берзата во врска со оваа иницијатива ќе зависат од интересот на членките на Берзата за пристапување кон истата, како и од други прашања поврзани со нормативни и финансиски аспекти.

# 10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2010 година беа преземени следните активности во доменот на едукацијата:

## *10.1. Настани во организација на Берзата*

- Во рамките на соработката помеѓу Македонската берза АД Скопје и Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ) во текот на месец јуни 2010 година беше организирана работилница "Предности од котација на Македонската берза" наменета за друштвата со ограничена одговорност и мали акционерски друштва со цел презентација на различните начини на финансирање на друштвата, а посебен акцент беше ставен на можностите и придобивките од финансирање преку берза, процесот на иницијална јавна понуда на хартии од вредност и котација на берза.

  Во соработка и со финансиска поддршка на Меѓународната финансиска корпорација од Вашингтон во текот на месец декември се одржа дводневна работилница "Управување со ризици и органите на управување". Во секојдневното работење на компаниите, а особено во услови на криза од клучно значење е утврдувањето на ризиците и начинот на управување со истите. Учесниците на работилницата имаа можност преку презентациите на Д-р Максим Гарви, ИФЦ Вашингтон, Д-р Оливиеро Роги, Претседавач на Меѓународната конференција за управување со ризици и Проф. Торбен Андерсен, Професор по стратегија и меѓународен менаџмент на Бизнис школата во Копенхаген дополнително да се запознаат со улогата на органите на управување во процесот на менаџирање со ризиците.

- Во рамките на повеќегодишната соработката која што Македонската берза ја остварува со бројни образовни институции во Република Македонија во текот на 2010 година беа организирани голем број на посети од страна на средни училишта, факултети и институти. За време на овие посети повеќе од 600 ученици и студенти имаа можност подобро да се запознаат со начинот на функционирање и со институционалната поставеност на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, а посебен осврт беше ставен на улогата и функцијата на Македонската берза. Воедно, посетителите имаа можност во живо да го проследат тргувањето преку електронскиот систем за тргување на Берзата – БЕСТ и да се информираат за начинот на реализација на купопродажните трансакции.

- Во соработка со КИБС АД Скопје на 22.03.2010 година беше организирана едукативна презентација за членките на Берзата на тема „Дигитални сертификати – Електронска безбедност и идентификација", при што претставник од КИБС АД Скопје ги објасни сите аспекти во употребата на дигиталните сертификати. На оваа презентација акцент беше ставен на конкретни прашања кои произлегуваат од работата на членките на Берзата до доменот на сигурна комуникација со нивните клиенти при прием на налози за тргување, како и прашања поврзани со

употребата на дигиталните сертификати во комуникацијата на членките со Берзата преку FIX протоколот.

## *10.2. Проект за основање на Тренинг центар на Македонската берза*

Во вториот квартал од 2010 година Европската банка за обнова и развој (врз база на претходно поднесената апликација од страна на Берзата) одобри финансиска поддршка за реализирање на проект за основање на берзански тренинг центар, што во иднина ќе овозможи Берзата уште повеќе да придонесе за понатамошниот развојот на македонскиот пазар на капитал преку зголемување на професионалноста и компетентноста на учесниците на пазарот на капитал, но и на други заинтересирани лица и пошироката јавноста. Со проектот се предвидува во период од 6 месеци, избрани консултанти од страна на ЕБРД, во соработка со Берзата, да изработат наставна програма од повеќе модули кои би се предавале на берзанската академија, а кои ќе ги опфаќаат најмалку следните области: тргување со хартии од вредност (почетнички, среден и напреден модул), опции и фјучерси (основен и напреден модул), финансирање преку пазарот на капитал, корпоративно управување и други инвеститорски услуги.

## *10.3. Учество на семинари, обуки, работни средби*

- Во организација на Здружението на правници на Република Македонија во текот на месец мај 2010 година во Струга се одржа 62-та средба на правници за време на која претставник на берзата одржа презентација во врска со измените на Законот за хартии од вредност и Правилата за котација на Македонската берза во однос на обврските за известување на котираните друштва.

- Проектот на УСАИД за локална самоуправа на 07.12.2010 година организираше конференција посветена на развивање на пазарот на капитал за општините во Македонија. Целта на конференцијата беше да се придонесе кон натамошно унапредување на системот на финансирање на локалните самоуправи во Македонија, преку поттикнување и создавање услови за емисија на општински обврзници. Претставник на Македонската Берза зеде учество во панел дискусијата што се одржа во рамките на оваа конференција, каде што главна тема за дискусија беше финансирањето на капиталните инвестиции преку задолжување, со истакнување на клучните елементи во процесот на емисија на општински обврзници гледано од аспект на секоја од страните кои се вклучени во процесот на издавање обврзници.

- Во организација на Комисијата за хартии од вредност и Проектот на УСАИД за деловно опкружување (БЕА) во текот на февруари и ноември 2010 година во Охрид и Струмица се одржаа две работни средби посветени на состојбите, предизвиците и перспективите на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. На средбите присуствуваа претставници од Берзата, ЦДХВ, друштвата за управување со инвестициски фондови и членките на Берзата, при што беа разменети мислења околу тековните случувања на пазарот на капитал. На ноемвриската средба, Македонска Берза изврши презентација на планираните измени на Правилата за тргување на Берзата, за реализација на примарни емисии на хартии од вредност преку Берза, а беа презентирани и размислувањата околу

воведувањето на поддржувачи на ликвидност. Исто така, беше претставена и иницијативата за симултано и централизирано воведување на електронско тргување на Берзата преку апликацијата Broker Office развиена од Бањалучката берза.

- Со цел унапредување на нивните вештини и знаења во текот на 2010 година лица вработени во Македонската берза учествуваа на повеќе семинари, предавања и работилници посветени на меѓународните препораки за промени во стандардите за корпоративно управување, како и на новините во прописите за работните односи и даноците.

### *10.4. Проект "Студентска берза"*

Македонската берза, како компанија која што посветува значајно внимание на едукација на младите генерации за берзата и берзанското работење, во 2005 година започна со реализација на едукативниот проект "СТУДЕНТСКА БЕРЗА", чија цел беше стекнување на практични искуства од страна на студентите во обласата на инвестирањето во хартии од вредност. По реализирани пет циклуси на едукативниот проект "Студентска берза" и достигнато ниво на зрелост кога истиот е препознатлив за студентите, беше проценето дека проектот е одржлив сам по себе. Од тие причини, Берзата одлучи да го отстапи правото на користење на интернет апликацијата "СТУДЕНТСКА БЕРЗА" и во септември склучи Договор со Економски факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје за отстапување на правото на користење на оваа апликација. Во иднина администрирањето на проектот ќе го врши факултетот, врз основа на податоци за тргувањето со хартии од вредност што ќе ги добива од Берзата, а Македонска берза ќе ја додели наградата за најуспешен учесник во проектот на годишно ниво. Воедно, за време на свеченоста по повод одбележување на 15 години од Основачкото собрание на акционери на Македонската берза му беше доделена награда на најуспешниот учесник во проектот Студентска берза на годишно ниво кој во циклусот 2009/2010 година оствари најголема вредност на портфолио.

## 11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Во делот на промоцијата во 2010 година беа остварени следните активности:

### *11.1. Годишна конференција на Македонска берза*

Од 29.04-01.05.2010 година во Охрид се одржа XI годишна конференција на Македонска берза која претставува централно место на коешто околу 200 учесници, професионалци и експерти од финансиската индустрија дебатираа, разменуваа мислења и искуства за најновите трендови поврзани со пазарот на хартии од вредност, како и финансискиот пазар во целина.

Низ организирани дебати и панел дискусии се направи обид да се препознаат македонските економски предизвици како и меѓународните и регионалните економски предизвици, да се дефинира местото и перспективите на осигурителните друштва и импликациите од функционирањето на истите за македонскиот пазар на капитал, се анализираа актуелните предизвици на финансиската регулатива, како и размислувањата за утврдување на новиот развоен модел на македонски пазар на капитал.

Во програмата на оваа годишна конференција по трет пат беше доделено признание за најтранспарентно котирано друштво на Македонска берза - 'Кристално ѕвоно' и за најдобар научно-истражувачки труд од областа на пазарот на хартии од вредност. За најтранспарентно котирано друштво во 2009 година беше прогласена Комерцијална банка АД Скопје, а наградата за најдобар истражувачки труд му припадна на Андреј Пулејков за трудот „Споредба на остварувањата на отворените инвестициски фондови во Македонија"

## *11.2. Тркалезна маса "Кризни и посткризни берзански перспективи"*

По повод 15 годишнината од одржувањето на Основачкото Собрание на акционери на Македонска берза АД Скопје, на 14 септември 2010 година Берзата организираше Тркалезна маса со наслов "Кризни и посткризни берзански перспективи". Учесниците на Тркалезната маса, истакнати експерти од областа на финансиите: г-дин Глигор Бишев, г-дин Сашо Арсов, г-дин Горан Петревски, г-дин Владимир Филиповски и г-дин Иван Штериев, разменија ставови и мислења околу состојбите и перспективите на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија и пошироко. Слушатели на дискусиите на тркалезната маса беа претставници на бркоерските куќи и банки - членки на Македонската берза, новинари, претставници од котирани компании на Берзата и други лица од индустријата на хартии од вредност во РМ .

## *11.3. Публикација на Берзата "Факти за котираните компании"*

Македонската берза изработи публикација "Факти за котираните компании" која, како еден вид лична карта за Берзата и за компаните кои што котираат на Официјалниот пазар на Берзата, содржи податоци за котираните компании на Берзата, како и одредени информации за тргувањето и организацијата на пазарот на хартии од вредност. Промоцијата на публикација "Факти за котираните компании" беше извршена на настанот организиран по повод 15 годишнината од одржувањето на Основачкото Собрание на акционери на Македонска берза АД Скопје. Берзата изработи и англиска верзија на публикацијата, а истата беше промовирана за време на меѓународната инвеститорската конференција којашто берзите од Југоисточна Евриоа ја организараа во ноември во Виена, како и за време на Генералното собрание на ФЕАС и Годишната конференција на Истанбулската берза што се одржаа во месец декември во Истанбул.

## *11.4. Соработка со медиуми*

Во рамките на соработката која што Македонската берза ја остварува со медиумите во текот на 2010 година беа реализирани бројни активности како со домашните, така и со странските електронски и пишани медиуми:

- За повеќе актуелни прашања кои ги преокупираат не само македонскиот, туку и пазарите на капитал во регионот Главниот извршен директор имаше интервјуа во неколку странски медиуми (српскиот весник Економист, бугарскиот финансиски портал Профит и дневен весник Дневник, интернационалниот бизнис магазин DealWatch) во кои се осврна на последиците и излезот од кризата; за потенцијалот за раздвижување на македонскиот пазар на хартии од вредност; како и за иднината на Берзата во доменот на интеграција во некоја поширока берзанска алијанса.

- Членови на управата на берзата во повеќе наврати гостуваа во економски емисии кои беа посветени на состојбите и активностите на Македонската берза, како и на други актуелни случувања на македонскиот пазар на капитал. На крајот на годината Главниот извршен директор на Берзата имаше интервјуа за телевизиите Алфа и А1 во кои даде осврт на постигнатите резултати и состојбите на Берзата во 2010 година, а воедно даде и некои видувања за претстојната 2011 година.

- Согласно Договорот за деловна соработка којшто Македонска берза го потпиша со Алфа Телевизија во доменот на промоција на берзата и на нејзините производи, беше изработен рекламен спот со кој се рекламираа групата на веб страници и продукти кои прераснаа во препознатлив бренд на Берзата.

## *11.5. Комерцијално огласување на интернет страница на Берзата*

Согласно определбата за комерцијализација на својата веб страница Македонската берза пристапи кон утврдување на општите услови за комерцијално огласување на официјалната интернет страница на Берзата и за истите ги информираше членките на Берзата и јавноста. Согласно ова, Македонска берза АД Скопје за првпат понуди можност за рекламирање на нејзината интернет страница, со што беа понудени однапред дефинирани позиции за комерцијално огласување преку објавување на комерцијални огласи. За ваков вид рекламирање интерес пројавија две реномирани банки со кои во текот на месец јули 2010 година беа склучени Договори за закуп на простор за комерцијално огласување, како и една телекомуникациска компанија.

## *11.6. Промоција на продукти на Берзата*

- Во текот на годината беа остварени низа активностите (презентации, изработка на рекламни флаери и спот) околу промоција на продуктите на Берзата за дистрибуција на берзански и други финансиски информации.

- Кон крајот на годината Македонската берза го промовираше интернет порталот МБ Монитор кој претставува систематизиран преглед на дневното и неделното тргување на Македонската берза и на берзите од регионот. Наменет е исклучиво за медиумите за да им овозможи брзо и ефикасно преземање на сите релевантни случувања на македонскиот пазар на хартии од вредност и пазарите на хартии од вредност во регионот, и подобро и полесно информирање на јавноста за истите. МБ Монитор е замислен како комерцијален веб портал, но Берзата одлучи пристапот до порталот да биде бесплатен во текот на неколкумесечниот промотивен период, со цел претставниците на медиумите да можат да се вклучат во одредени дополнувања или подобрувања на содржините на истиот.

### *11.7. Други активности*

Македонската берза со поддршка на Проектот за деловно опкружување во Македонија на Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД) го спроведе третото истражување на веб страниците на водечките акционерски друштва котирани на Македонската берза, со цел утврдување на достапноста на податоците до потенцијалните инвеститори, а во насока на поттикнување на добро корпоративно управување и подобрување на нивната општествена одговорност.

Претставници на Берзата зедоа учество на тркалезната маса која во рамките на 8-от Меѓународен саем на финансии, деловни можности и економски развој FINEXPO се организираше на тема "Актуелни состојби во финансискиот сектор"; на "Кратките бизнис средби" во рамките на Глобалната недела на претприемништво, како и други настани од областа на финансиите и бизнисот.

## 12. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2010 година активностите на Македонската берза на регионално и меѓународно ниво беа фокусирани кон следниве пунктови:

### *12.1. Меѓународна инвеститорска конференција*

На 9 ноември 2010 година во Виена се одржа меѓународна инвеститорска конференција на пазарите на капитал од Југоисточна Европа. Оваа конференција која што се одржа по петти пат претставува реализација на проектот во рамките на Меморандумот за партнерство потпишан во декември 2007 година од страна на берзите од Југоисточна Европа. Настанот се одржа во организација на Македонската берза, која беше назначена за координатор и Raiffeisen Centrobank AG од Австрија. За прв пат на овогодинешното road show зедоа учество и берзите од Бугарија и Романија. Оваа година вкупно 21 компанија од Југоисточна Европа ја прифатија поканата за учество на настанот и можноста да се претстават пред стручната инвеститорска заедница. Околу 60 австриски и меѓународни инвеститори имаа можност да ги проследат презентациите на водечките компании од регионот и со нивните претставници да одржат околу 130 поединечни состаноци. Учесници на конференцијата од Македонија беа котираните друштва Алкалоид Скопје, Комерцијална банка Скопје и Стопанска банка Битола.

### *12.2. Соработка со берзите од регионот*

Во текот на извештајниот период Македонската берза оствари потесна соработка со повеќе берзи од регионот со цел презентација на македонскиот пазар на капитал пред пошироката инвеститорска јавност:

- Во организација на Македонска берза и брокеркската куќа Булброкерс од Бугарија на 18.03.2010 година во Софија се одржа инвеститорска конференција

(road show) на која трите најликвидни компании на Македонската берза Алкалоид, Гранит и Комерцијална банка се презентираа пред бугарската инвеститорска јавност. Воедно, беше претставен и македонскиот пазар на капитал преку презентација на неговата структура и потенцијалот за инвестирање што го нуди.

- Македонската, Белгардската и Бугарската берза потпишаа Договори за размена на податоци од тргувањето и нивно тековно објавување на веб страниците на трите берзи. Потпишувањето на договорите е со цел понатамошен развој на националните пазари на капитал и взаемно поттикнување на активностите на регионалните портфолио инвеститори на трите пазари.

- Во рамките на соработката што Македонската берза ја остварува со берзите од регионот, во текот на месец јуни претставници на берзата од Бања Лука одржаа презентација на нивниот Broker office софтвер. Тоа е софтвер развиен од страна на берзата од Бања Лука, а неговата примена значи воведување на посовремени технологии во работењето на брокерските куќи.

## *12.3. Соработка со Виенската берза*

Македонската берза АД Скопје и Виенската берза, (членка на групацијата на берзи од Централна и Источна Европа - CEE Stock Exchange Group), во октомври потпишаа Договор за соработка во доменот на дистрибуција на берзански податоци. Потпишувањето на овој Договор произлезе од заложбите на Македонската берза за постигнување на што поголема меѓународна визибилност на македонскиот пазар на хартии од вредност. Согласно овој Договор, податоците од тргувањето на Македонската берза во реално време ќе се дистрибуираат преку посебната апликација за дистрибуција на податоци развиена од Виенската берза (Alliance Data Highway - ADH). Преку оваа апликација се врши консолидација и дистрибуција на берзански податоци од осум берзи на хартии од вредност, односно од членките на групацијата на берзи од Централна и Источна Европа (Виена, Будимпешта, Љубљана и Прага), како и од берзите во Букурешт, Сараево, Бања Лука и Скопје.

## *12.4. Учество на меѓународни настани и конференции*

Во декември 2010 година во Истанбул, Турција се одржаа Извршниот комитет и Генералното собрание на Федерецијата на Евро-Азиски берзи (ФЕАС) на кои зедоа учество претставници од Македонската берза. Помеѓу 39-те членки на ФЕАС, Македонската Берза повторно беше избрана во 13-те членови на Извршниот Комитет на ФЕАС, а воедно беше избрана и за членка во Работниот комитет на ФЕАС.

На покана на берзите од регинот претставници на Македонската берза во текот на 2010 година беа присутни на Годишните конференции на Љубљанската, Загребската, Белградската и Истанбулската берза.

## *12.5. Други активности*

- Во рамките на програмата за билатерална соработка помеѓу членките на Федерацијата на Евро-Азиски берзи, претставници на Македонска берза оствариjа посета на берзата во Букурешт (целосно финансирана преку програмата за

размена на ФЕАС). Целта на посетата беше детално запознавање со политиката за дистрибуција на податоци што ја има берзата во Букурешт, како и запознавање со нивниот трговскиот систем и процедурите за заштита на податоците во случај на елементарна непогода и други случаи на виша сила.

- Во текот на извештајниот период неколку реномирани странски консултантски куќи оствариjа посета на Македонската берза. Целта на постетата беше да се запознаат со состојбите на македонскиот пазар на капитал и да се согледаат можностите за евентуална соработка на Берзата со Проектот на УСАИД за деловно опкружување.

## 13. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2010 ГОДИНА

Во 2010 година Македонската берза АД Скопје, оствари **вкупен приход** во износ од **37.842.899 денари** и истиот е за 5% повисок во однос на оствարениот во 2009 година. Ова зголемување на приходот се должи пред сé на зголемувањето на останатите приходи од дејност и на зголемувањето на приходите од надомест за котација.

Приходите остварени од камата изнесуваат 2.773.773 денари и претставуваат 7,33% од вкупните приходи. Овој износ е по основ на камата на орочени депозити кај банки и камата на депозити по видување. Намалувањето на овие приходи од 41% во однос на претходната година се должи на намалување на износот на пласираните средства како резултат на одливот на парични средства заради исплата на дивидендата за 2009 година и намалувањето на каматните стапки за орочени депозити во 2010 година во однос на 2009 година.

Приходите по основ на провизии и надоместоци изнесуваат 26.304.122 денари и се за 2% повисоки во однос на истите во 2009 година. Зголемувањето на овие приходи во најголема мера се должи на зголемувањето на приходите од тргување за 3% и зголемувањето на приходите од надоместокот за котирање од 48%. При тоа, треба да се има предвид дека од 12.03.2010 година стана ефективно зголемувањето на висината на надоместокот за тргување со акции на Берзата за сите трансакции во вредност до 1.000.000,00 денари од 0,1% на 0,2%, со што се амортизираше ефектот што врз овој приход би го имал намалувањето на берзанскиот промет од тргување со хартии од вредност во 2010 година. Исто така, од 12.03.2010 година стана ефективно зголемувањето на висината на годишниот надоместок за котација што соодветно се одрази на зголемувањето на приходите по овој основ.

- Надоместоците за членство се состојат од членарини, надоместоци за користење на БЕСТ системот, надоместоци за користење на Берза-Нет, надоместоци за комуникациско поврзување со Централниот депозитар за хартии од вредност, надоместоци за користење на станици за набљудување и слично. Кај овие приходи се бележи намалување од 12% во споредба со истите лани, поради тоа што бројот на членките на Берзата се намали од 24 во 2009 година на 20 членки на крајот на 2010 година. Исто така за месеците ноември и декември 2010 година се применуваше Одлуката на Одборот на директори на Македонската берза АД

Скопје за привремено ослободување од плаќање на дел од надоместоците на членките на Берзата, како резултат на констатираната потреба да се излезе во пресрет на барањето на членките на Берзата за ослободување од надоместоците со цел ублажување на проблемите во тековното финансирање на членките на Берзата;

- Најголемиот дел од приходите на Берзата во 2010 година во износ од 17.861.349 денари или 47,2% од вкупните приходи е остварен по основ на надомест за тргување. Овие приходи се за 3% повисоки во однос на остварените во 2009 година. Кај приходот по основ на надомест за тргување по основ на склучените трансакции во БЕСТ системот е забележано зголемување од 25,1% (од 5.296.851 денари во 2009 година на 6.628.180 денари во 2010 година). Остварениот приход од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи намалување од 12,6% и изнесува 5.125.809 денари, а приходот од тргувањето при јавни берзански трансакции бележи зголемување од 59% (но, не е толку значаен во апсолутен износ и изнесува 146.802 денари). Приходите од берзанска провизија од тргување со обврзниците бележат намалување од 1%.
- Остварени се приходи по основ на надомест за котација во износ од 2.662.500 денари или 7% од вкупните приходи. Овие приходи се за 48% повисоки во споредба со 2009 година, поради тоа што, согласно регулаторните ограничувања, годишниот надоместок за котирање за друштво во 2009 година беше помал од овој во 2010 година.

Во 2010 година Берзата оствари останати приходи од дејност во износ од 8.765.004 денари, што се за 52% повисоки во споредба со истите во 2009 година. Ова се приходи остварени по основ на издавање на деловен простор, наплатени сомнителни и спорни побарувања, закуп на медиумски простор, приходи од дистрибуција на берзански податоци, приходи од котизација на посетители на годишна конференција, донација и друго. Најголемо учество во останатите приходи имаат приходите од дистрибуција на берзански информации во износ од 2.598.387 денари (истите во 2009 година изнесуваа 1.975.971 денари, при што се зголемија како резултат на воведување на нови услуги како што е Бестнет аналитика); приходи по основ на издавање на деловен простор во износ од 2.074.034 денари (во 2009 година изнесуваа 1.672.212 денари), приходи од донација на софтвер во износ од 1.554.324 денари (остварен е и соодветен расход како амортизација на софтверот), приходи од закуп на медиумски простор во износ од 533.196 денари (во 2009 година нема приходи по овој основ).

**Вкупните расходи** остварени во 2010 година изнесуваат **35.923.101 денари** и истите се на исто ниво со остварените во 2009 година кога истите изнесувале 35.934.532 денари. Како и во 2009 година, во текот на целата 2010 година Берзата водеше максимално прудентната политика на контролирање на расходите, што подразбираше стриктно водење сметка за планските трошковни таргети (кои и онака беа на значајно намалени нивоа), нереализирање на определени неприоритетни расходи и извршеното намалување на нивото на плати на вработените и извршните директори, односно надоместокот за неизвршните директори.

Во 2010 година за провизии и надоместоци направени се расходи во износ од 5.001.480 денари, што претставува 13,9% од вкупните трошоци. Во овие трошоци, со 98,2% учествува надоместот од реализирани берзански трансакции за Комисијата за хартии од

вредност, во апсолутен износ од 4.913.428 денари. Останатите трошоци се однесуваат на банкарски провизии.

Нето загубата од курсни разлики во 2010 година изнесува 914 денари.

Трошоци за вработени во 2010 година изнесуваат 13.525.888 денари. Во тие рамки трошоците за бруто плати на вработените се реализирани во износ од 13.292.338 денари и изнесуваат 37% од вкупните расходи. Кај бруто платите во 2010 година во однос на планот има остварување од 90%. Бруто платите на извршните членови на Одборот на директори изнесуваат вкупно 4.306.132 денари, односно 3.094.200 денари и 1.211.932 денари за Главниот извршен директор и Извршниот директор, респективно.

За останати користи за вработените се остварени трошоци во износ од 233.550 денари денари што претставува 47% од планираните трошоци за оваа намена за 2010 година. Ова се трошоци направени за исплата на регрес за годишен одмор на вработените и за испратнина во пензија.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 7.143.797 денари, што претставува 19,9% од вкупните расходи и е за 25% повисока во споредба со 2009 година, а се однесува на амортизација на нематеријални средства, деловниот простор и опрема. Зголемувањето на амортизацијата се должи на амортизацијата на софтверот за тргување (во износ од 1.554.324 денари) за кој почна да се пресметува амортизација од 01.01.2010 година. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно Уредба со примена на амортизациони стапки утврдени со Номенклатурата на средствата за амортизација.

Исправката на вредност на побарувањата изнесува 200.000 денари и се однесува на побарувања кои се постари од една година и побарувања за кои е оценето дека наплатата ќе биде отежната.

Останатите расходи од дејност изнесуваат 10.051.022 денари и се за 4% пониски од истите во 2009 година. Учествуваат со 91% во остварувањето на планот, а во вкупните расходи со 28%.

- Материјалните и слични трошоци изнесуваат 1.994.600 денари или 5,55% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично).

- Трошоците за услуги изнесуваат 4.839.590 денари и истите учествуваат со 13,47% во вкупните расходи и се за 16% помали во однос на 2009 година. Намалувањето се должи на тоа што во 2009 година во овие трошоци беа вклучени и трошоци за услугите за правни и финансиски консултанти во тендерската постапка за продажба на мнозински пакет акции на Берзата во износ од 1.253.858 денари. Од трошоците за услуги 619.025 денари отпаѓаат на услуги поврзани со организацијата на 11-тата годишна конференција (остварен е и соодветен приход од котизација на посетители на конференцијата и спонзорства). Во рамките на трошоците за услуги позначајно учество имаат услугите за тековно одржување на опремата во износ од 1.238.897 денари, телефонските услуги и услуги за интернет во износ од 1.602.542

денари. Останатите трошоци за услуги се направени за услуги за ревизија на финансиските извештаи, за поштарина, за обезбедување и слично.

- Трошоците за надомест за Одборот на директори изнесува 1.159.999 денари и тие изнесуваат 3,23% од вкупните расходи. Поради намалувањето на надоместот за неизвршните членови на Одборот почнувајки од последниот квартал на 2009 година, кај овие трошоци имаме намалување од 13% споредено со истите во 2009 година и истите се движат во рамките на планираните за 2010 година.

- За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 300.613 денари и истите се за 40% пониски во однос на планираните за 2010 година.

- Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 629.989 денари и претставуваат 1,75% од вкупните расходи, односно се за 5% поголеми од планираните.

- Трошоци за осигурување се направени во висина од 445.338 денари. Се однесуваат на осигурување на имот, осигурување на менаџери и осигурување на вработени и се за 7% помали од планираните за 2010 година, поради обезбедени попусти при обновата на полисите во 2010 година.

- Трошоци за истражување и развој се остварени во висина од 206.517 денари. Ова се трошоци направени согласно Меморандумот за партнерство потпишан од страна на берзите од Југоисточна Европа, со цел промоција на регионалниот пазар на капитал пред меѓународните институционални инвеститори.

- За Други трошоци, направени се трошоци во износ од 474.376 денари. Овие расходи се направени за членарини: во Федерација на Евроазиски берзи (ФЕАС), членарина за Федерацијата на Европски берзи (ФЕСЕ), членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси и слично.

* * *

Како резултат од повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2010 година оствари **добивка пред оданочување** во износ од **1.919.798 денари**.

Пресметан е данок во непризнаените расходи во износ од 167.022 денари, а остварената **добивка по оданочување со данок во непризнаените расходи** за 2010 година изнесува 1.752.776 денари.

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2010 година изнесува **152.491.103 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични

средства, депозити во банки орочени до три месеци) учествуваат со 26,14% што придонесува за финансиска стабилност на Берзата. Учеството на основните средства материјални и нематеријални (84.251.591 денари) изнесува 55,25% од вкупната актива, а побарувањата изнесуваат 28.197.476 денари или 18,49% од вкупната актива. Најголем дел од побарувањата отпаѓа на побарување за повеќе платен данок за добивка (24.136.539 денари) и побарувања од купувачи во износ од 4.060.937 денари (во најголем дел од надоместоци за тргување за месец декември 2010 година). Во јуни 2010 година Македонска берза АД Скопје има поднесено барање до Управата за јавни приходи-Регионалната дирекција Скопје за поврат на повеќе платениот данок од добивка искажан во Даночниот биланс за 2009 година во висина од 24.882.911 денари. По извршената контрола за 2008 и 2009 година добиено е решение од страна на Управата за јавни приходи со кое се потврдува побарувањето на Берзата за повеќе платениот данок од добивка во целост. По извршените пребивање на повеќе платениот данок од добивка со обврски за Данок на додадена вредност во текот на 2010 година (за кои исто така Македонска берза има добиено решенија од УЈП-Регионална дирекција Скопје) и обврската за пресметаниот данок на непризнаени расходи за 2010 година, Берзата побарува 24.136.539 денари повеќе платен данок од добивка.

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2010 година изнесува **152.491.103 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2010 година изнесуваат 8.667.662 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 1.993.747 денари, а разграничените приходи во идни периоди изнесуваат 6.673.915 денари. Најголемо учество во приходите во идните периоди има донацијата во софтверот за тргување од Љубљанска берза како резултат на извршеното преземање на изворниот код на БЕСТ системот во 2009 година. Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2010 година изнесуваат 143.823.441 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 38.572.906 денари, а добивка за финансиската година 1.752.776 денари.

**Скопје, Февруари 2011 година**

**Одбор на директори**

**П р е т с е д а т е л**

**Кристијан Поленак**

# П Р И Л О Г

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
### на ден 31.12. 2010 година

### АКТИВА

**во денари**

| Назив | 2009 | 2010 | Индекс 2010/2009 |
|---|---|---|---|
| **1,Парични средства и парични еквиваленти** | **1,668,229** | **645,534** | **39** |
| **2.Кредити на и побарувања од банки** | **45,262,048** | **39,211,989** | **87** |
| Депозити | 45,000,000 | 39,000,000 | **87** |
| Побарувања од банки | 262,048 | 211,989 | **81** |
| **3.Должнички хартии од вредност** | **0** | **0** | **0** |
| Државни хартии од вредност | 0 | 0 | **0** |
| Исправка на вредност | 0 | 0 | **0** |
| **4.Нематеријални средства** | **9,816,795** | **7,794,386** | **79** |
| **5.Материјални средства** | **81,459,861** | **76,457,206** | **94** |
| **6,Останати средства/побарувања** | **27,127,801** | **28,197,476** | **104** |
| Побарувања за данок на добивка | 24,882,911 | 24,136,539 | **97** |
| Останати побарувања | 2,244,890 | 4,060,937 | **181** |
| **7.Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **134,012** | **184,514** | **138** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **165,468,745** | **152,491,103** | 92 |

### ПАСИВА

| Назив | 2009 | 2010 | Индекс 2010/2009 |
|---|---|---|---|
| **1.Обврски** | **9,852,365** | **8,667,662** | **88** |
| Останати обврски | 1,599,902 | 1,993,747 | **125** |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 8,252,463 | 6,673,915 | **81** |
| **2.Капитал и резерви** | **155,616,380** | **143,823,441** | **92** |
| Запишан капитал | 103,497,760 | 103,497,760 | **100** |
| Резерви | 38,448,471 | 38,572,906 | **100** |
| Добивка за финансиска година | 124,434 | 1,752,776 | **1,409** |
| Задржана добивка | 13,545,715 | 0 | **0** |
| **ПАСИВА** | **165,468,745** | **152,491,103** | 92 |

## БИЛАНС НА УСПЕХ ОД 01.01.2010 до 31.12.2010 ГОДИНА

**во денари**

| Расходи | 01-12.2009 | 01-12.2010 | Индекс 2010/2009 | Програма 2010 | Оств.на план во % |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Расходи за провизии и надоместоци** | **4,829,707** | **5,001,480** | **104** | **5,205,520** | **96** |
| Провизии од банки | 128,922 | 88,052 | **68** | 130,000 | **68** |
| Берзанска провизија за КХВ | 4,700,785 | 4,913,428 | **105** | 5,075,520 | **97** |
| **2.Нето загуба од курсни разлики** | **120,787** | **914** | **1** | **0** | **0** |
| **3.Трошоци за вработени** | **14,825,512** | **13,525,888** | **91** | **13,900,000** | **97** |
| Вкалкулирани бруто плати | 14,728,312 | 13,292,338 | **90** | 13,400,000 | **99** |
| Останати користи за вработени | 97,200 | 233,550 | **240** | 500,000 | **47** |
| **4. Амортизација** | **5,733,396** | **7,143,797** | **125** | **7,230,000** | **99** |
| **5.Исправка на вредност на побарувања** | **6,610** | **200,000** | **3,026** | **0** | **0** |
| **6.Останати расходи од дејност** | **10,418,521** | **10,051,022** | **96** | **10,990,000** | **91** |
| Материјални и слични трошоци | 1,645,464 | 1,994,600 | **121** | 1,950,000 | **102** |
| Трошоци за услуги | 5,757,955 | 4,839,590 | **84** | 5,500,000 | **88** |
| Одбор на директори | 1,334,000 | 1,159,999 | **87** | 1,160,000 | **100** |
| Трошоци за службени патувања | 199,462 | 300,613 | **151** | 500,000 | **60** |
| Трошоци за репрез,реклама и пропаганда | 368,024 | 629,989 | **171** | 600,000 | **105** |
| Осигурување | 466,057 | 445,338 | **96** | 480,000 | **93** |
| Трошоци за истражување и развој | 272,709 | 206,517 | **76** | 300,000 | **69** |
| Други трошоци | 374,850 | 474,376 | **127** | 500,000 | **95** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **35,934,532** | **35,923,101** | **100** | **37,325,520** | **96** |
| **Приходи** | | | | | |
| **1.Приходи од камати** | **4,664,993** | **2,773,773** | **59** | **3,400,000** | **82** |
| **2.Приходи од провизии и надоместоци** | **25,674,300** | **26,304,122** | **102** | **26,856,000** | **98** |
| Надомест за членство | 6,594,362 | 5,780,273 | **88** | 6,220,000 | **93** |
| Надомест од тргување | 17,279,938 | 17,861,349 | **103** | 17,936,000 | **100** |
| Приходи од котација | 1,800,000 | 2,662,500 | **148** | 2,700,000 | **99** |
| **3.Останати приходи од дејност** | **5,782,300** | **8,765,004** | **152** | **7,420,200** | **118** |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **36,121,593** | **37,842,899** | **105** | **37,676,200** | **100** |
| **БРУТО ДОБИВКА** | **187,061** | **1,919,798** | **1,026** | **350,680** | **547** |
| **ДАНОК ОД ДОБИВКА** | **62,627** | **167,022** | | | |
| **ДОБИВКА ЗА ФИНАНСИСКА ГОДИНА** | **124,434** | **1,752,776** | | | |